# МАКЕДОНСКИ ГЛАС

GODINA VI.
PROSINAC
ДЕКЕМВРИ
ЦЕНА 5 кн.

19
БРОЈ

# 120 г. од раѓањето на великаните на Македонија



*Димитар Влахов (1878 - 1953)*



*Димитрија Димов Чуповски (1878 - 1940)*

## СРЕЌНА НОВА ГОДИНА И ЧЕСТИТ БОЖИЌ

## Годишно собраните на Заедницата:

# КОН НОВИ ОСТВАРУВАЊА И АФИРМАЦИЈА

- Огнен Бојаџиски, професор избран за претседател на Заедницата, а Славица Сагадин и Иван Андонов-Ванчо за претпретседители
- Избран и нов Управен одбор од седум члена и за секретар Драган Китановски

Според одлуката на Управниот одбор од 8. септември закажано е и одржано продолжение на Годишното Собрание за 26 септември во просторите на Словенски дом, во присуство на бројни гости меѓу кои и амбасадорот на Република Македонија г. Сервет Авзиу, и советникот г. Владо Чупевски.

Работното Председателство во состав Илија Христодулов, Славица Сагадин и Благоја Јовановски, врз основа на одлуката на УО го предложија дневниот ред, кој по куса дискусија беше прифатен и избрани верификациона комисија и записничари со нивни оверувачи. Беше прочитана Информација за текот на претходната седница на Изборното Годишно Собрание од 14. март о. г. како и одлуката на УО за утврдување на кандидатури за претседател, при што е едногласно конастатирано дека единствен кандидат е Огнен Бојаџиски. Извршена е верификација на делегатите на Собранието, по пет од секое Друштво а потаа се мина кон дневниот ред. Констатирано е дека од 30 делегати 27 се присутни а двајца се оправдано отсутни, додека за едниот не се знае ништо.

Изборот за претседател е извршен демократски така што е најпрвин утврдена кандидатура на Огнен Бојаџиски а потоа се пристапи кон гласање: од 27 делегати, 24 гласаа "за", еден беше воздржан а два беа "против". За кандидатите за потпретседители: Славица Сагадин и Иван Андов Ванчо гласаа 27 делегати "за".

По точката измени и дополнувања на Статутот во дискусијата учествува г. Неџат Хусеин и г. Драган Китановски изнесувајки повеќе конструктивни предлози за прочистување на текстот и функционално дополнување на членовите каде што се регулира работата на Главниот и Управниот одбор при што се тие две тела соединети заради поголема ефикаснот и намалување на трошоците.

Годишното собрание избра и нов Управен одбор, кој во иднина ќе има од 7 до 11 члена зависно од Одлуката на Собранието, а во Управниот одбор се избрани по еден претставник од секое Друштво и тоа: Драган Китановски МКД "Крсте Мисирков" - Загреб, Владо Апостоловски, ДПМ "Македонија" - Сплит и Благоја Јовановски МКД "Браќа Миладинови" - Осијек, Илија Христодулов МКД "Илинден" - Ријека, Благица Палко МКД "Коцо Рацин" - Пула, МКД "Македонија" - Сплит Теодор Дамјанов.

Во Надзорниот одбор изабрани се: Стојан Трајковски, Виолета Јуван и Ленче Јакимова, а во Судот на честа: Др. Кирил Јовев, Драшко Серафимов, Кирил Талески, Михајло Давчевски и Момо Карајанов.

Председавачот на Собранието г. Илија Христодулов им заблагодарува на сите досегашни членови во Управните тела и на Горан Стојковски, при што Собранието им дава разрешница.



*ОД ГОДИШНОТО СОБРАНИЕ*



*Огнен Бојаџиски*



*Славица Сагадин*



*Иван Андонов--Ванчо*



*Драган Китановски*

Веднаш во изборот амбасадорот г. Авзиу им честита на новоизабраните членови и председателот истакнувајки при тоа дека Заедницата давала а верува дека и во иднина ќе дава значаен придонес во развивањето на хрватско-македонските односи и врски како и афирмацијата на Македонците во Хрватска.

На својата прва конституитивна седница Управниот одбор, усвојувајки го календарот на својата работа до крајот на годината, за секретар го избра г. Драган Китановски, кој на едно е и секретар на Заедницата.

Р.

ДРАГИ ЧИТАТЕЛИ!

Ве молиме за соработка со ваши мислења, ставови и погледи.

Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат во Редакцијата за да бидат објавени во наредниот број.

ЗАБЕЛЕШКА: коментарите објавени на страниците на овој весник со потписи на авторите се муслења на истите и не секогаш тие го одразуваат мислењето на Редакцијата. Редакцијата е одговорна само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на адреса на овој весник стануваат негова сопственост, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согланост.

GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ВЕСНИК НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

Главен уредник:
ОГНЕН БОЈАЏИСКИ

Редакција:

Илија СТОЈКОВСКИ (Загреб), Владо ЦАКТАШ (Сплит), Владо НАСТЕСКИ (Риjeка), Благоја ЈОВАНОВСКИ (Осиjeк), Кирил ТАЛЕСКИ (Пула)

За издавачот:
ДРАГАН КИТАНОВСКИ

Naklada: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, Masarykova 16, tel. 433-243; fax: 427-566

Tisak: A. G. Matoš d.d., Samobor

Temeljem odredaba čl. 58 stav 3 Zakona o javnom informiranju RH (N. N. br. 22/1992. g. novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete — Sektor informiranja — 14. 7. 1993. g.

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1/7-94-01 od 10. svibnja 1994. g. ova tiskovina oslobođena je plaćanja poreza na promet.

# НОВА ВЛАДА ВО МАКЕДОНИЈА



*Како резултат на изборните резултати, на последните одржани избори во Република Македонија, според кои уверливо победи коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и ДА, со лидерите Љупчо Георгиевски и др Васил Тупурковски, по своето ново конституирање Собранието на Македонија на 30 ноември избра и ја потврди новата Влада на Република Македонија. Нов протседател на Собранието е да САВО КУМОВСКИ.*

*Лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Љупчо Георгиевски како мандатор ја претстави новата Влада во која заедно со него како премиер се: др. Никола Кљусев, одбрана, Александар Димитров, надворешни работи, Павле Трајков, внатрешни работи, др. Владо Камбовски, правда, др. Радмила Кипријанова-Радовановиќ, потпретседател, Доста Димовска, потпретседател, Беби Спировски, сообраќај и врски, Жанко Чадо, стопанство, Борис Стојменов, финансии, др. Димитар Димитров, култура, Ненад Новковски, образование, Стојан Богданов, здравство и уште четири министри кои дополнително ќе добијат министерства, меѓу кои е и министерството за иселеништво (Мартин Треневски).*

*Очекувањата од новата Влада се големи особено меѓу дијаспората па така и Македонците во Република Хрватска очекуваат постабилни и продлабочени врски особено на културен, образовен и научен план, зошто стопанско-трговските врски и односи веќе имаат свој нормализиран и стабилен ток.*

Р.

МАТИЦА НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Скопје, ул. "27 Март" бр. 5, п.фах 336
Тел. 411-406, 229-213, 116-630 - факс 116-036
Скопје, 6.11. 199 2. год.

Наш знак СП
Наш број 04/190

До
Г-дин Огнен Бојацински,
претседател на Заедницата на
Македонците во Република
Хрватска

Загреб

Почитуван г-дине Бојацински,

Ми претставува особена чест и задоволство Вам и на целата новоизбрана управа, од името на Матицата на иселениците од Македонија и од мое лично име, да Ви го честитам изборот за претседател на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, со желба за понатамошно проширување и интензивирање на меѓусебната соработката.

Со особено почитување,

Претседател,
Проф. д-р Ѓорѓи Тоновски



## МКД "Кочо Рацин" - Пула

# СВЕЧАНО ОДБЕЛЕЖАН 8-ми СЕПТЕМВРИ

Во просториите на нашето Друштво, во преполнетата сала се одржа пригодна свечаност по повод Осми Септември - Денот на државноста на Република Македонија. Свечаноста ја отвори и со пригодни зборови ги поздрави сите присутни Председателката на нашето Друштво госпожа Славица Сагадин, а потоа му даде збор на госп. Кирил Талески кој што зборуваше за важноста и значањето на овај датум во новата историја на македонскиот народ во создавањето самостална Република Македонија.

По овие свечани моменти со големо ракоплескање беше приефатена поздравната телеграма испратена до Председателот на Република Македонија г. Киро Глигоров.

Свечаноста со другарување, песна и ора продолжи до утринските сати.

Во овај дел од програмата се истакнаа нашите членови на новоформираниот музички состав изведувајуќи популарни староградски и новокомпонирани мелодии и познати македонски ора.

КИРИЛ ТАЛЕСКИ

МАКЕДОНСКИ СВЕТСКИ НЕДЕЛНИК
MAKEDONSKO SONCE
МАКЕДОНСКО СОНЦЕ

# СТЕФАНОПУЛОС

Грција тешко би преживеала без Солун и Македонија - изјави претседателот на Грција, Костис Стефанопулос по повод Денот на ослободувањето на Солун.

"Победоносната војна од 1912, дополнета, со Втората балканска војна од 1913 година овозможи не само заокружување на нашите национални барања, не само присоединување на најгрчката Македонија кон другиот дел на Грција, туку и опстанок на другиот дел на Грција, која тешко би преживеала без Македонија и без Солун", рече Стефанопулос. Притоа грчкиот претседател појасни дека "најгрчката Македонија" е "најгрчка во поглед на историјата, географијата и етничкиот состав". Зборувајќи на Света Гора Стефанопулос рече дека во цела Грција повеќе од позитивно е присуството на Солун и на Македонија во националниот живот на цела Грција.

# НАТО

Американската компанија "Браун и Рот", која летово закупи дел од кумановски "Југ турист", во близината на скопскиот аеродром Петровец, гради воени бараки. Според сознанија на "Дневник", станува збор за простор во кој би можело да се сместат 15.000 војници и тие во Македонија би останале подолго. Најверојатно таму ќе бидат сместени силите за брза интервенција, а Центарот и командата на тие сили ќе бидат во кумановската касарна или во нејзината непосредна околина.

# ЦРКОВНА ДИПЛОМАТИЈА

Викендов во пограничното село Нагоричани на македонско-грчката граница, архиепископот атински и на цела Грција, г.г. Хритодулос, на преговорите со делегацијата на МПЦ ја прифати понудата на поглаварот на Македонската православна црква, неговото



блаженство г.г. Михаил, да посредува во решавањето на спорот меѓу СПЦ и МПЦ. Преговорите со СПЦ, со посредништво на ГПЦ, би требало да почнат откако договорот од Нагоричани ќе го потврди и Светиот архиерејски синод на МПЦ, кој треба да се случи на првата следна синодска седница во текот на овој месец. Засега нема најави дали и СПЦ се согласува со таа иницијатива.

# Obilježeni makedonski blagdani

**PULA** – U nedjelju je u Makedonskom kulturnom društvu »Kočo Racin« Pula u svečanoj atmosferi proslavljen Dan antifašističkog ustanka Republike Makedonije i Dan borca. Nakon prigodnog govora potpredsjednika društva Nenada Stojkovskog i blagajnice Blagice Palko, proslava se nastavila u veselom raspoloženju. S ovog, već tradicionalnog slavlja, upućen je brzojav predsjedniku Republike Makedonije Kiru Gligorovu s čestitkama u povodu blagdana.

**T. T.**



*Proslava je protekla u dobrom raspoloženju najviše zahvaljujući dobrim glazbenicima*



*Гоце Делчев:*

**"Македонија има свои интереси и своја политика. Тие им припаѓаат на сите Македонци. Оној што сака да работи на присоединувањето на Македонија кон Бугарија, Грција или Србија, тој може да се смета за добар Бугарин Грк или Србин, но не и за добар Македонец".**

## *"Илинден 1903" во Ријека*

*МКД "Илинден" од Ријека го организираше првиот меѓуградски пријателски натпревар помеѓу две македонски културни друштва од Хрватска. Поканета беше екипата за мал фудбал "Илинден1903", на која ова и беше прво гостување надвор од Загреб.*

*Кога пристигнавме во Ријека, вредните и љубезни домакини не дочекаа и посакаа искрено добредојде.*

*Нешто после пристигнувањето се одигра и фудбалскиот натпревар помеѓу домаќинот, екипата на "ИЛИНДЕН 91" и екипата на "ИЛИНДЕН 1903" од Загреб. На почетокот од натпреварот беа разменети пригодни подароци. Играта од страна на двете екипи беше на високо ниво, но овој пат поуспешни беа гостите кои победија со 2:8. "Илинден 1903" како победник освои фудбалска топка, на која што сите играчи како и организаторите се потпишаа за спомен на оваа средба, од која најважно е дружењето кое на сите ќе им остане во убаво сеќавање.*

*После натпреварот домаќинот организираше ручек на кој што претседателот на МКД "ИЛИНДЕН" г-дин Илија Христодулов топло ги поздрави сите присатни и изрази надеж дека и во иднина ќе се одржуваат вакви средби и дружења.*

*Во име на МКД "КРСТЕ МИСИРКОВ" присатните ги поздрави г-дин Марјан Гиговски кој се заблагодари на одлично организираната средба, а исто така пренесе и поздрави од УО на МКД "Крсте Мисирков на чело со претседателот г-динот Иван Андонов.*

*После убавото дружење во клупските простории, домаќините ни организираа излет до Ловран, каде што прекрасното време го искористивме за капење и сончање, а после тоа домаќините не одведоа на фудбалското игралиште Ловран, во ресторанот на нашата сонародничка и активна членка на друштвото г-ѓата Гордана Крстевска, каде што исто така ни беше приреден незаборавен пречек.*

*Сите играчи од "ИЛИНДЕН 1903" најсрдечно им се заблагодаруваат на сите пријатели од МКД"ИЛИНДЕН" Ријека.*

*Марјан Гиговски*

*ИНТЕРВЈУ НА Д-Р ЖЕЉУ ЖЕЛЕВ ЗА „24 ЧАСА" ЗА МАКЕДОНСКО-БУГАРСКИТЕ ОДНОСИ*

# Покрај Вардар се чувствуваат Македонци!

**● Појдете во Скопје, појдете во Охрид и запрашајте ги обичните луѓе: „Што сте вие по националност?" Ќе ви одговорат дека се Македонци. – Уште и ќе ве избркаат, ако ги наречете Бугари**

„Нова Македонија" – 30. 11. 98 г.

**● Д-р Желев, ВМРО од Пиринско ве нарече национален предавник откако го признавте постоењето на македонската нација пред студентите во Благоевград. Како реагирате на обвинението?**

– Не го прифаќам. Дали има македонска нација, или не, ќе ги прашате луѓето што живеат покрај Вардар. Ние не сме тие, кои ќе им кажуваме како се чувствуваат. Откако граѓаните на Македонија, вклучително и возрасните, се самоопределат како Македонци, а не како Бугари, Бугарија како демократска земја е должна да го почитува таквиот избор. Во спротивно ќе ја повториме политиката на коминтерната во однос на македонското прашање, само што ќе биде со спротивен знак.

Друго е прашањето за корените на ова население, чиишто дедовци и татковци се определувале како Бугари. Но ние не треба да го мешаме етносот со нацијата. Тоа е опасно!

**● Во текот на 1991 година, сепак, вие изјавивте дека Бугарија ја признава државата Македонија, но не и македонската нација. „Бугарија ја признава државата Македонија, но не и македонската нација"? Зошто еволуиравте?**

– Тогаш мојата позиција не беше сосема прецизна, но подоцна ја доизградив. Уште во 1993 година при претставувањето на мојата книга „Фашизмот" во Скопје, изјавив на нивната телевизија и радио, дека „не сме ние оние што ќе кажувате какви сте. Тоа си е ваше свето право".

Појдете во Скопје, појдете во Охрид и запрашајте ги обичните луѓе: „Што сте вие по националност?" Ќе ви одговорат дека се Македонци. Уште и ќе ве избркаат, ако ги наречете Бугари. Еден мал процент, и тоа првенствено меѓу највозрасните, ќе ви кажат дека се Бугари.

**● Зошто сепак ја изменивте вашата позиција?**

– Пак ви велам дека во периодот 1991 – 1992 година таа не беше многу искристализирана. Секој може да биде заведен, уште повеќе, што во Бугарија за темата „Македонија" секогаш се расудува емоционално.

**● Екс-премиерот Филип Димитров ми има речено дека со нашата формула „да на државата, не на нацијата" сте ги довеле обострасните односи во ќор-сокак.**



Жељу Желев

– Тоа се чисти глупости. Никој од нас не барал да ја признаеме македонската нација. Откако први во светот ја признавме Македонија забраздивме околу спорот за македонски јазик. Во 1994 година се обелодени за време на официјалната посета на претседателот Киро Глигоров во нашата земја. Тогаш пропадна потпишувањето на меѓудржавниот договор и 20-тина спогодби поради неговото настојување тоа да се реализира на „македонски и на бугарски јазик".

**● Но во практиката сега, ако ја признаеме македонската нација, ќе го признаеме и јазикот. Како е можно да постои нација без јазик?**

– Но тоа е многу едноставно, земете ја на пример американската нација – таму луѓето зборуваат англиски. Или Австрија, каде што се зборува германски. Да не зборуваме за Шпанија и Латинска Америка каде што се зборува шпански. Јазикот како задолжителен елемент на нацијата е стара сталинистичка определба.

Да ги оставиме лингвистите, кои располагаат со многу прецизни методи, да решат дали македонскиот е дијалект на бугарскиот или е самостоен јазик.

Нашиот поголем проблем е на друго место – што немаме адекватна дипломатија, која користејќи широк и еластичен инструментариум, ќе го реши јазичниот спор. Нашата дипломатија се однесува како слон во продавница за стакло и веќе пет години нема напредок по ова прашање.

Второ – крајно време е да седнеме заедно со Македонците и најдобронамерно да им ја објасниме бугарската позиција. Никој не може да понуди сериозни аргументи против неа, проблемот е што таа никогаш не била целосно презентирана. Вклучително и пред Запад. Но ние треба да најдеме прифатлива формула со Македонците.

**● Како си претпоставувате, откако и новиот премиер во Скопје, Љубчо Георгиевски сака да потпишува на „македонски"?**

– Ама, на пример, документите се потпишуваат на „официјалните јазици на двете земји". Оваа формула сме ја предлагале повеќепати. Ако и сега Македонците не се согласат, можеме за арбитер во јазичниот спор да ги поканиме ОН, Советот на Европа, ЕЗ или НАТО.

Овој спор напросто треба да се земе како претходен политички услов за покренување на нештата од мртва точка. Тој беше измислена бариера од оние кои не сакаа развој на бугарско-македонските односи.

UZ SAMOSTALNU IZLOŽBU MLADOG ZAGREBAČKOG SLIKARA KRUNISLAVA STOJANOVSKOG

# POETIKA LJUDSKIH LICA

U Galeriji CEKAO u Vukovarskoj 68 danas se zatvara izložba slika Krunislava Stojanovskog, apsolventa zagrebačke Akademije likovnih umjetnosti u klasi prof. Đure Sedera.

Mladi umjetnik predstavio je samo djelić svoga opsežnog ciklusa »Lica« u tehnici ulja na platnu, nastalog posljednjih nekoliko godina. Unatoč tematskoj pripadnosti, unutar cjeline »Lica« jasno se mogu razabrati etape njezina stvaranja. Tako na samome početku Stojanovski kroz bezimene ekspresionističke portrete, inspiriran ratom, istražuje tajne ljudskoga uma, prikazujući najraznovrsnija emocionalna stanja, s agresivnijom koloristikom.

U kasnijoj fazi boje postaju blaže i raznovrsnije, što autor obrazlaže težinom teme, vođen mišlju kako boja ima svoju dušu i karakter. Uz interpretaciju kolorističkih promjena valja naglasiti i novi odnos slikarevih likova, koji se obraćaju jedan drugome, a u toj komunikaciji Stojanovski želi prikazati čovjekovo nastojanje da se promijeni postojeće stanje, njegovu potrebu da nešto učini.

Osvrćući se na osebujan autorov stil, Darko Glavan u predgovoru kataloga Stojanovskome proriče Vrkljanovu i Kulmerovu sudbinu stilističkog nomada zaključujući kako autor »i pri oslikavanju povišenih emocionalnih stanja ostaje i slikar i stilist koji sretno i spretno postiže sklad između izvanjskog nadahnuća i unutarnjeg slikarskog reda.«



Krunislav Stojanovski na otvaranju izložbe »Lica« u galeriji CEKAO

Snimio R. ANIĆ

Krunislav Stojanovski rođen je 1969. godine u Skopju, a dolaskom na studij brzo se uklopio u zagrebački milje i postao jedan od najboljih učenika prepoznatljiva Sederova rukopisa. Dosad je sudjelovao na brojnim skupnim i samostalnim izložbama u Hrvatskoj i inozemstvu, gdje je uvijek, poput kakvog kulturnog veleposlanika, predstavljao Republiku Hrvatsku šireći istinu o svojoj drugoj domovini.

A kvaliteta rada i velik potencijal toga mladoga umjetnika već je prepoznata i dokazana osvajanjem nekoliko stipendija. Dvostruki je dobitnik stipendije OSI-Budapest, a prošle je godine dobio stipendiju ljetne akademije u Salzburgu u klasi prof. dr. Agnes Denes. Nedavno je postao laureat prestižnoga UNESCO-va programa za umjetnost pa će ovoga ljeta boraviti tri mjeseca u Finskoj gdje će predstaviti naše suvremeno slikarstvo i pripremiti svoju sljedeću izložbu.

*Ž. Vuković*

---

*РИЈЕКА:*

## ОБЕЛЕЖЕН ДЕНОТ НА ДРЖАВНОСТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



На 8. септември о. г. во Македонското културно друштво "ИЛИНДЕН" свечано е одбележана седмогодишнината на дрзавноста на Република Македонија. Во Клубот на Илинден пред 50-ина. членова и пријатела на друштвото со пригодни зборови секретарот на друштвото ги подсети моментална состојба во Македонија членовите на Друштвото за постигните остварувања во овие седум години, како и односите помеѓу Република Македонија и Република Хрватска. Со куса програма се престави фолклорната секција, а потоа во добро расположение со музички нумери од македонското поднебие беше створена славеничка атмосфера.

Вл. Настески

U Splitu svečano proslavljen, Dan antifašističke borbe Makedonije

# ANTIFAŠIZAM DIO SLOBODARSKIH TRADICIJA



Jedan od svojih najvećih nacionalnih praznika, 11. oktomvri, Dan ustanka naroda i narodnosti Makedonije, Makedonci koji žive u Splitsko-dalmatinskoj županiji svečano su obilježili u Gradskoj dvorani u Splitu. Na akademiji koju je organiziralo Društvo Makedonaca i prijatelja Makedonije "makedonija" Split, velikom broju okupljenih o anifašizmu makedonskog naroda govorio je prof. Ognen Bojadžiski, predsjednik Zajednice Makedonaca u Republici Hrvatskoj.

Veleposlanik Republike Makedonije u Zagrebu Servet Avziu uputio je slavljenicima brzojavnu čestitku i izrazio žaljenje što zbog drugih obveza nije mogao biti nzaočan proslavi praznika. "Koristim ovu priliku da vam isporučim iskrene pozdrave i poželim uspjeh i osobnu sreću Vama icijeloj makedonskoj zajednici u Splitu", poručio je veleposlanik Avziu predsjedniku Društava Makedonaca i prijatelja Makedonije "Makedonija" u Splitu dipl. ing. Vladi Apostolskom.

U umjtničkom programu sudjelovali su Anka Pereža-Urdinova (kazivala je poemu "Oči" Ace Šopova), Milan Bjelajac (s pjesmom Koče Racina "Tatunčo") i Ljiljana Baković-Petkovska ("Sunčana kolona" Blaže Koneskog). Dramski umjetnik iz Splita Aleksandar Čakić recitirao je vlastiti rad - "Meditacija o ljubavi".

Svečanosti su bili nazočni Makedonci iz Zadra i drugih dalmatinskih gradova, predsjednik Slovenskog društva "Triglav" Boštajn-Matjaž Kordiš, predstavnici Društva Šibenčana i prijatelja Šibenika i drugi.

Na skupu je predsjednik dipl. ing. Vlado Apostolski predstavnici programa rad Društava Makedonaca i prijatelja Makedonije "Makedonija" u 1999. godini. "Planiramo utemeljiti sportsku sekciju (mali nogomet, stolni tenis i planinarstvo) koji će voditi dipl. ing. Pančo Ristov, te litelarno-recitatorsku sekciju, koja će raditi pod vodstvsom Anke Pereže-Urdinove. Voditelj likovne sekcije bit će slikar Milan Bjelajac, a voditelj folklorne sekcije (zbor, plesna i glabena skupina) bit će Marijan Raić-Žagner, dok će Donka Plaznović-Panova voditi sekciju za kulinarstvo i ručni rad. Makedonski jezik će sve koji ga žele učiti podučavati prof. Anka Plaznović-Davčeva, izvijestio je predsjednik Apostolski.

I u idućoj godini obilježavat će se nacionalni i vjerski blagdani - Dan velikih sveslavenskih prosvjetitelja, svete braće Kirila i Metodija, Ilinden, s tradicionalnim izletom u Radmanove mlinice kod Omiša, Dan državnosti Republike Makedonije, Dan antifašističke borbe makedonskog naroda, Nova godina i Velikden (Uskrs). Predviđeno je otvaranje likovnih izložbi (prva je na rasporedu izložba akad. slikara Pavla Kuzmanovskog iz Tetova), te gostovanje znanstvenika iz Skoplja: akademik Branko Panov govorit će o "Makedoniji i Hrvatskoj u srednjem vijeku", a akademik Blažo Ristevski o "Preporodu makedonskog naroda".

**Vl. Caktaš**

# ШЕСТ ГОДИНИ НА "АВИОИМПЕКС"

**Во изминатиот период авиокомпанијата "Авиоимпекс" се развиваше во услови на големи турбуленции во економијата во земјата, без финансиска поддршка отстрана и можност за земање поволни кредити, пришто создаде своја авиофлота, екипаж и техника, зачленувајќи се во сите авиоасоцијации. Компанијата успеа да се одржи на македонското нестабилно небо и покрај шпекулациите за можното пропаѓање, кои доаѓаа и од страна на компетентни луѓе. Најдобар доказ за постигнатиот успех секако е фактот дека годинава "Авиоимпекс" ќе ја достигне бројката од 270.000 превезени патници, што е за 25 отсто повеќе од лани и со што ќе учествува со 56 отсто во авиопревозот од и за Македонија. Евидентен е и уделот на компанијата за равој на авиосообраќајот и на аеродромите во земјата, како и за обука на соодветни кадри во оваа сфера.**

Ова меѓу другото го истакна директорот на Авиокомпанијата "Авиоимпекс" Илија Смилев на промоцијата на зимскиот ред на летање, а при што беше одбележано и шестгодишното работење на компанијата. Новина во редот на летање (ќе трае до 27 март идната година) е што за пофреквентни дестинации, како Цирих и Виена се прави обид за секојдневни летови во утринските часови и тоа во исто време. За Љубљана и Загреб се оди на зголемување на бројот на летовите, со тренд тие да бидат секојдневни. Ќе се оди и на активирање на охридскиот аеродром, од кој за викендите ќе се сообраќа директно со најмалку три до четири града во Европа.

# НАШИТЕ ПРВИ ПЕТ ГОДИНИ

*"**Нашите први пет години**" - беше насловот под кој на 9. 11. 1998. во Црвениот салон на хотелот Еспланаде се одржа еден своевиден времеплов на манифестации кои се одржаа во организација на Хрватско-македонското друштво.*

*Основано на 26. 10. година во Загреб, Хрватско-македонското друштво делува на територијата на Република Хрватска, со цел да ги собере сите заинтересирани граѓани да по пат на организирани заеднички активности придонесат во воспоставувањето и развивањето на врските и односите на соработка меѓу хрватскиот и македонскиот народ и нивните држави Република Хрватска и Република Македонија, на културно, просветно, научно, стопанско и други подручја на делување. Во својот состав собра многу истакнати хрватски и македонски интелектуалци заинтересирани за целокупната промоција на македонското творештво и култура во Хрватска. Така негов прв председател беше починатиот господин академик Стјепан Антољак, па др. сц. Борислав Павловски и сега е председателка, поетесата Љерка Цар Матутиновиќ.*

*Формулата како со малку пари да се оствари богата и не баш ефтина програма ја пронајдова и веке петта година ја применуваат на ова Друштво, користејќи ги максимално своите внатрешни интелектуални потенцијали, кои помогнаа во реализирањето на разини предавања, трибини, книжевни вечери, концерти и слично.*

*Успехот на ова Друштво е секако знатно олеснат и заради тоа што својот состав има два ансамбла, кои веке четврта година делуваат: женската пеачка група "Езерки" и инструменталната група "Македо", основани по иницијатива на Лена Гапиќ. Со неизмерното и драгоцено стручно водство и пожртвованост и ентузијазам на госпоѓа Живка Иванец господин Стефко Качуров и сегашниот водител на "Езерки" господин Иван Качуров, како и пожртвуваноста и ентузијазмот на сите членови на овие два ансамбла станаа познати и стекнаа популчарност во Загреб, а и вон него. Дека музиката нема граници покажаа "Езерки" и така стигнаа се' до Ротердам каде во Светскиот центар за есперанто, недела дена се вртеше видео касета снимена при доаѓњето на конгресната комисија, која го оценуваше кандидирањето на Загреб за домаќин на светскиот конгрес на еспернтисти во 2000 година, кога на есперанто беа испеани "Биљана платно белеше" и "Болен ми лежи Миле Поп-Орданов."*

*Своеврстен Ин мемориам на првиот председател на Друштвото нашиот драг професор господин Стјепан Антољак, даде потпредседателката на ова Друштво и водителка на програмата Јудита Реу Худечек, која помеѓу другото рече дека... "сите сме лјути на него што така брзо не напушти, а требаше уште многу, многу да не научи, да ни открие..."*

*Се присетивме и на делото на Блаже Конески, преку есејот на др. сц. Борислав Павловски, а Ивица Кунеј, кажуваше негови стихови. Неколику збора за мекедонскиот језик кажа академикот Далибор Брозовиќ, а Алемко Глухак не потсети на игрите без граници во врска со името Македонија.*

*Прку песната посветена на Св. браќа Кирил и Методиј, "Езерки" не потсетија на светлоста и писмото кое ни го подарија. Со таа песна пред 4. години дебатираа пред хрватската јавност "Езерки".*

*За градителското на Македонија зборуваше др. сц. Томислав Премерл, тоа не е само документ на минатото, туку актуелна порака за градителската современост. Просторните вредности на македонската архитектура и урбанизам се патоказ за идните нови градби. Тие ги преминаа локалните, регионалните, па и националните рамки. За македонската архитектура како авангарда на модерната повторно не потсети господин Премерл, зашто има решенија и вредности на кои времето не им е граница, вредност на кои и денес можемо да учиме.*

*А во таа македонската куќа се пеело, се славело, се обележувале обичаите. Така "Езерки и Македо" се песна и свирка на потсетија на зимските, пролетните, есенските обичаји. Многу од нив се снимени и за хрватската телевизија. А за Радио Загреб, пред две години ови два ансамбла снимија 14 песни и неколику ора. Така за прв пат на тлото на Хрватската беше забележан фундусот на македонското музичко творештво ма Македонците во Хрватска.*

*Поетесата Љерка Цар Матутиновиќ, не сакаше во овие свечарски моменти да не потсетива на "оние страшни часови". Таа наместо песна од антологијата на хрватската борбена поезија "Во тој страшен час" која беше преведена и на македонски и промовирана од страна на нашето Друштво, рецитираше песна со хумана порака.*

*Се сетивме и на делото на Гоце Делчев низ песнита "Го фатиле клети Турци", а за првиот есперантист на Балконот, Македонецот Георги Малински, зборуваше Јудита Реу Худечек и секако беше отпеана Биљана платно белеше на есперанто.*

*Неговата екселенција, амбасадотор на Македонија во Република Хрватска господин Серверт Авзиу овај пат кажа неколику збора за неодамна одржаните избори во Македонија, а поздравни зборови упатија и главниот секретар на Координацијата на хрватските друштва на пријателство господин Андрија Карафилиповиќ. Тој помегу другото рече дека Хрватско-македонското друштво помеѓу 98-те друштва на пријателство е едно од најактивните, а председателот на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, господин Огнен Бојаџиски подаде рака на соработка со ова Друштво.*

*А претходниот ден, беше Митров ден, ден поврзан со виното и ракијата. Со песната "Не си го продавај Кољо чифиликот" не потсетија Езерки и Македо и наместо на вино не поканија на торта украсена со хрвотското и македонското знаме.*

***Лена Ѓапиќ***

МПЦО "Св. Злата Мегленска"

# ПЕТ ПЛОДНИ ДУХОВНИ ГОДИНИ

- Со "Македонска хистијанска вечер" во црквата Св. Марко Крижевчанин одбележена пет годишнината од основањето на оваа наша црковна општина
- Поздрави од Светиот Синод на Македонската Православна црква и НБ гг Михаил пренесе протојерејот Ацо Гировски.



Македонската православна црковна општина Злата Мегленска на 25 октомври је одбележа и прослави петгодишнината од своето основање во Загреб. На "Македонската хистијанска вечер" по тој повод слово за јубилејот одржа претседателот Томислав Зојчески а поздравите од НБ г.г. Михаил и Светиот Синод ги пренесе протојерејот Ацо Гировски, секретар на Богословниот факултет "Св. Климент Охридски" од Скопје, кој таа недела служеше миса во црквата Св. Рок за македонските христијани во Загреб.

Во програмата на "Македонската хистијанска вечер" учествуваа "Распеана Македонија" и "Т'га за југ", а свои песни рецитираше познатиот хрватски поет Младенко Спахија.

Претседателот Зојчески во името на Управниот одбор на бојни донатори, активисти и соборјани при тоа им врачи Благодарници за нивната петогодишна активност и дејателност во црковната општина.





**Председател на МПЦО Томислав Зојчески, дипл. инж.**

*Браќа и сестри, верници на Македонската Православна Црква,*

*драги соборјани на Црковната општина во Загреб,*

*драги гости и пријатели,*

*Дозволите ми да во името на Црковната управа и во свое име ви го честитам патрониот празник на нашата Црковна општина - денот на Светата великомаченица Злата Магеланска, со желба ваквите Македонски христијански вечери, по повод на овај празник, станат традиционални вечери нас Македонците од Загреб.*

*Оваа година се навршија полни пет години од кога на 24. мај. 1993. година во гркокатоличката црква "Св. Чирила и Метода" во Загреб се одржа првата Богослужба на македонски јазик во една од републиките на бившата Југославија, надвор од Република Македонија и пет години од кога на денот на светиот Климент Охридски на 8. декември 1993 година, благодарејќи на разбирањето и помошта на државните власти на Република Хрватска и Католичка црква во Хрватска, се основа првата македонска црковна општина во една од бившите југославенски републики, надвор од Република Македонија и од кога во преубавата црква на светиот Рок, започнаа да се одржуваат богослужби на нашиот убав и милозвучен мајчин македонски јазик.*

*Во текот на овие пет години постигнати се многу резултати во верскиот живот на нашата црковна заедница, зашто успеавме да во таа црква организираме скоро редовни богослужби за сите наши поголеми празници, како што се Божиќ, Велигден, св. Кирил и Методи, Св. Злата Магленска, Св. Климент Охридски и други празници, а обавени се и првите венчавања и крштевања на верници на нашата македонска православна црква.*

*Одржувањето на тие богослужби го остваруваме благодарејќи на помошта што ни ја дава нашата Македонска православна црква, а посебно Епархијата за Европа, во осигурување на све-*



ПРЕД ПЕТ ГОДИНИ:

**Црковното Собрание избра и Управен одбор на Црковната Општина во кој се: д-р Никола Гроздановски, проф. Огнен Бојаџиски, Иван Андонов, Веселинка Анчевска, д-р Тома Прошев, Михајло Ничота, инг. Стефановски Трајан и Красоје Ристовски (отсутен) а на сликата се уште протогаконот Александар Цандовски, свештеникот проф. др А. Мустеников и г. Драган Китановски, претседател на Контролниот одбор**

*штенци од Македонија, како и помошта на Хрватскиот CARITAS во организирањето на смештајот на свештенците, за кое што посебно им благодариме.*

*Тука треба да се помени и организирањето на првата канонска визитација на митрополитот на Европската епархија на Македонската православна црква за Европа неговото високопреосвештенство владиката Горазд, која се оствари во текот на Великденските празници миналата, 1997 година. Митрополитот Горазд беше примен од највисоките претставници на државната и црковната власт во Хрватска. Тогаш беше покренато и прашањето за изградба на Македонски духовен и културно-просветен центар во Загреб, за кое беше обеќана полна помош и поткрепа.*

*Во овие години воспоставени се односи со претставници на останатите хистијански цркви во Загреб во рамките на покретот за екуменизам, како и со претставници на останалите монотеистички религији, во рамките на заедничките молитви за мир во духот на Асизи, што се организираат во овие простории. Тие врски овозможиа и одржување на наши македонски христијански вечери во оваа дворана, како минатата година така и оваа година, за кое што треба посебно да му заблагодариме на велечасниот господин Фрањо Јурак, жупник на црквата Св. Марко Крижевчанин.*

*Сето тоа го поменувам зашто пред нашата црковна општина во натамошниот период стојат поголеми задачи, од кои во овај момент се најважни:*

- *изградба на Македонски духовни-просветен центар во Загреб,*
- *осигурување на постојано свештено лице во нашата црква и со тоа редовен верски живот на нашите верници,*
- *зголемувањето на бројат на активни соборјани во рамките на нашата општина, а пред се,*
- *организирање на каритативни активности во рамките на нашата општина, а пред се,*
- *осигурување на сопствено финансирање на работата на црковната општина,*

*зошто само со нивното остварување можиме да ги исполниме основните услови за натамошно постоење на нашата црковна општина, во склад со Уставот на Македонската Православна Црква.*

*За да га оствариме тие свети задачи ке биде потребно ангажирањето на сите членови верници на нашата црковна општина, а Црковната Управа можи да биде само иницијатор и организатор на работата на членовите. Зашто задачите не се лесни, но не се и краткорочни. Светата Македонска Православна Црква, која своето суштествување како автокефална црква во рамките на слободна и независна Република Македонија, го должи на работата и залагањето на неброени поединци во текот на многу векови, кои поединци често ги давале и животите бранејки го светото име на таа православна црква. Така е даден и животот на нашиот црковен патрон-светата Злата Мегленска, чиј што помен го празнуваме денеска. Верувам дека во блиско време автокефалноста на нашата Македонска Православна Црква ке биде и официелно признаена од другите сестрински православни цркви, зашто овие денови се посветени темелите на македонска православна црква во Ерусалем, светиот град на сите хрстијани.*

*Со желба за остварување на тие наши свети задачи, сакам уште еднаш да ви го честитам патронииот празник на нашата црковна оопштина на Св. Злата Мегленска, да ви пожелам многу здравје и среќа во животот и работата и да со Божја помош доживееме уште многу, многу вакви празнувања.*

*Нека е за многу години.*



Изложба на КИРО ВИНОКИЌ-ВИКИ:

# ИЗВОРНА ОРИГИНАЛНОСТ

- Во рамките на 25 меѓународен саем на мебели, ентериери и придружна индуистрија "Амбиента-98" запазена е и изложбата на Киро Винокиќ-Вики



*Човече еколошкото време истекнува*

Познатиот долгогодишен сликар на имагинарното, фантасничното и подсвесното Киро Винокиќ-Вики кој веќе четири децении плени со свето богатство на теми, колорит и неповторлива бајковитост и овај пет ги одушевуваше посетителите на својата тематски насловена изложба "Екологијата и Сликарството".

Изложба се одржа од 14-27 октомври о.г. во павиљонот 8-б и на простор од околу 400 м² со над 80 експонати од поголем формат. Особено внимание привлекуваа две големи слики во посебна округла форма со пречник од 4 м. кои ротираа во истиот правец и круг според кој ротира земјината топка. Сликите фигуративно и експресивно ја симулира загрозеноста на планетата во целина, додека втората слика посебно је нагласува загрозеноста на флората и фауната.

Сликарот Киро Винокиќ-Вики на ликовната јавност и познат како автор на разновидна тематика и техника при што неговите теми се универзални, дури може да се каже космогониjски. Основата преокупација му е загаденоста односно еколошката превенција, или едноставно кажно: - Каде одиш човеку во својата уништожувачка експлоатација на онаа иста природа без која не можеш да живееш и опстанеш?

За себе Киро Винокиќ-Вики, бележи: "Сликарите како и сите уметници се чудни луѓе-тие се како од памтивек создадени да разберат, и да завлегуваат светот во линиjи, бои, форми - во свет на реалната нереалност".

Капиталното сликарство на Киро Винокиќ-Вики, е завлегување во срцето на екологијата и е свртено кон современите событија. Работи слики и на македонските средновековни фрески, неговито сликарство се карактеризира како ангажиран надреализам, сликајки ја нашата епоха - еколошки, технолошки, нуклеарно и социјално загадена.

Целото негово творештво е ставено во служба на чистата и здрава природа.

Не може а да не се истакне благодарноста кон директориумот на Загребскиот Велесајам, који овозможи изложбата да биде отворена за време на АМБИЕНТА 98.

ИЛИЈА СТОЈКОВСКИ



Плачи сакана земјо

*Samouki umjetnik sve više na cijeni*

# METODI TAUŠANOV — GRAFIČAR HIPERREALIST

***"Srce i um podijelio sam između Makedonije i Hrvatske", kaže Taušanov koji u Splitu živi od 1963. godine.***



Malo bi tko, osim roditelja i ljubitelja umjetnosti, znao za splitskoga grafičara Metodija Taušanova koji već 35 godina živi i djeluje u Splitu da mu Društvo Makedonaca i prijatelja Makedonije nije omogućilo da se sa svojim radovima predstavi na dvjema skupnim izložbama likovnih umjetnika, članova toga društva. Taušanov je skrenuo pozornost na sebe, ali i dalje samozatajno radi svoje grafike, mahom s motivima iz splitskoga Varoša ili malih mjesta na dalmatinskim otocima.

Taušanovi imaju u Splitu tradiciju. Metodijev otac, stric i majka došli su u Split davno, a on je udahnuo prvi put morski zrak kad mu je bila tek godina dana. "Došli smo u Split iz Đevđelije 1963. Ovdje sam pohađao vrtić, završio srednju školu i nastavio živjeti", govori umjetnik, koji je srce i um podjednako podijelio — pola Makedoniji, a pola Hrvatskoj. Izučio je zanat montera klima-uređaja, ali nikada nije radio u svojoj struci; zaposlio se u "Auto-Hrvatskoj", gdje mu je radio i (pokojni) otac. Teška vremena pogodila su i Metodija, postao je tehnološkim viškom i sada je na Zavodu za zapošljavanje. "Snalazim se kako umijem, sve je bolje nego ne raditi ništa", rekao nam je.

O svome umjetničkom opredjeljenju kaže: "Odabrao sam grafiku, jer u klasičnom slikarstvu nisam "jak na bojama". Od malih nogu crtao sam i stvarao pod utjecajem prijatelja, pokojnoga Igora Popovića, koji je mlad umro, a bio je čovjek velikoga potencijala. Uz njega sam učio i napredovao. Uvijek sam bio zaljubljen u kamen, a kamena ima u Dalmaciji u izobilju".

Do rata u Hrvatskoj radio je na grafikama, onda kad je Hrvatska bila napadnuta, nije se dvoumio. Odjenuo je uniformu i od siječnja (januara) 1992. do travnja (aprila) 1994. proveo je na ratištu.

Grafike su mu danas "razasute po svijetu"; ima ih u Njemačkoj, Švicarskoj, Kanadi i Hrvatskoj.



*Metodi Taušanov je opsjednut kamenom i starom dalmatinskom arhitekturom*

Uglavnom su kupljene, a neke je darovao kolekcionarima.

Na pitanje, tko mu je uzor, odgovara: "Zvonimir Mihanović. On je zadugo bio poznatiji u svijetu, nego u nas. Danas su stvari došle na svoje mjesto i Mihanović uživa velik ugled i u Hrvatskoj".

Najveća je Metodijeva želja da dobije vlastiti ateljè. Načuo je, kaže, da bi se hrvatskim braniteljima mogli dodijeliti krediti za samozapošljavanje, i vidjet će što će od toga biti. "Kad bih dobio kredit opremio bih ateljè i radio svjetleće reklame, jer mi je to — uz grafiku — druga velika ljubav. Već sam se uspješno okušao i u tome poslu".

Metodijeve grafike imaju posebnu vrijednost zbog igre svijetla i sjene. "Ja najprije snimim stare, kamene kuće i od cijeloga filma iskoristim jednu ili dvije fotografije. Kasnije na tome radim različitim priborom: štapovima, čačkalicama, brusnim papirom; nema tu kista ili drugoga slikarskog alata. To je složen, spor posao i teško zarađen novac".

U Makedoniju, u očevu Đevđeliju i majčino Kumanovo, u posljednje vrijeme malo putuje, iako i tamo ima dosta prijatelja. Živi s majkom Viktorijom i suprugom, rodom iz Lovreća i — stvara. Veliko su mu zadovoljstvo dvojica sinova sestre Nade.

Ovo je tek Krokì za portret Metodija Taušanova, mladoga grafičara, o kojemu kritika još nije rekla svoju riječ.

A on strpljivo radi na svojim grafikama i — čeka.

**Vl. Caktaš**

## Промоција на книга

# МАЈКА МАКЕДОНИЈА

На 27 февруари 1997 година во Пфар-салата на Црквата Свети Павле во Минхен, со почеток во 19.00 часот, се одржа промоција на книгата **"Македонија - богата сиромашна Земја - Мајка Македонија"** чии автори се членовите на Паневропската унија за Германија, г-ца **Елке Лоренц** и г-дин **Андреас Рааб**.

Промоција на книгата изврши пратеникот во Европскиот Парламент и потпретседател на Паневропската унија за Германија во Минхен г-дин **Бернд Посселт**, кој посебно ги истакна учеството на авторите Елке Лоренц и Андреас Рааб и на Светскиот македонски конгрес во издавањето на ова посебно издание за Македонија претставена како сиромашна земја но богата со дух, традиција, култура и цивилизација. Господинот Бернд Посселт го критикуваше односот на Европската унија која под притисок на Република Грција државата Македонија ја именува со смешната формулација "Поранешна Југословенска Република Македонија" и се заложи за почесто организирање на вакви и слични промоции и презентации за Македонија пред германската и европската јавност заради поцелосно запознавање со Македонија и со нејзината цивилизација и со македонскиот народ, а во функција на афирмацијата на македонскиот идентитет и самобитност.

Воведно излагање во врска со книгата поднесе и г-дин Андреас Рааб, а г-ца Елке Лоренц имаше




излагање со видео слајдови, придружено со звуци на прекрасни македонски народни песни од Васка Илиева и Никола Бадев.

Промоцијата беше збогатена и со презентација на македонски вина и традиционалниот македонски ајвар, леб и сол, што ги спонзорираше познатиот македонски активист во СР Германија г-дин **Митко Василев**, а фотографии на македонски фрески и икони, како и на македонски носии изложи г-дин **Насте Палиоски**.

Промоцијата беше посетена од околу 150 Германци и Македонци кои живеат во Минхен, кои по промоцијата на книгата, со вкусот на македонските вина разменија меѓусебни мислења за Македонија и откупија поголем број на книги.

Во книгата се поместени статии од повеќе автори од Македонија и од Германија, меѓу кои: **Елке Лоренц, Д-р Елеонора Петрова, Александар Донски, Дончо Панов, Д-р Коста Балабанов, Проф.д-р Рудолф Грулих, Андреас Рааб, Реис Ул-Улема Хаџи Јакуп Селимоски, Проф.д-р Љубиша Георгиевски, Проф.д-р Вера Георгиева, Проф.д-р Илија Башески, Проф.д-р Глигор Попоски, Проф.д-р Тодор Тодоров, М-р Веле Алексоски, Андреас Шмидт, Проф.д-р Никола Кљусев, Д-р Ото Фон Хабзбург, Мартин Треневски и Загорка Донска.**

Во секој случај добра презентација којашто во организација на Паневропската унија и на Светскиот македонски конгрес продолжи и во градот Улм, а ќе се организира и во повеќе други места во Германија.

---

**А П Е Л** - ***ДО СИТЕ БРАЌА И СЕСТРИ ОД НАШАТА ЦРКОВНА ПШТИНА***

**Со согласност на Црковната Управа и одобрението на Управниот одбор на МПЦО Св. Злата Мегленска - Загреб**

**ВЕ ПОВИКУВАМЕ НА ПОМОШ И СОРАБОТКА**

**Ве молиме доколку знаете за некоја сиромашна фамилија, на која што и е потребна помош во : облека, обувки, храна или нешто за во куќа, или пак ако Вие имате некои работи или предмети кои што повеќе не ви требаат и сакате да ги подарите** на сиромашните - јавете на Одборот за КАРИТАТИВНА РАБОТА односно на :

- госпоѓа Стојанка Тежак, 679 095
- на домарот на Црквата господин Никола Апостолов секоја недела во црквата Св. Рок од 9,00 до 12,00 часот или
- во Заедницата на Македонците во Република Хрватаска, Масарикова 16/1, телефон 433 243 .

**НЕКА СТЕ БЛАГОСЛОВЕНИ ЗА ДОБРОТО ДЕЛО !**

# Ден на Кочо Рацин: КОН Р

"Uzimam tvoje ime kao moje, a za to ti poklanjam besmrtnost"

Veles, oktobra 1928.

K. Racin





*ПОЛАГАЊЕ ВЕНЕЦ НА КУЌАТА НА Д. ШПУЛЕР*

Традиционалнот Ден на Кочо Рацин и годинава се одржа кон крајот на новември - 21. 11. о.г. кога една сабота во ноември 1939. г. Кочо Рацин сам ги зеде од печатница на Драгутин Шпулер во Самобор книгите на својата стихозбирка "Бели Мугри".

МКД "Крсте Мисирков" во соработка со Заедницата на Македонците и годинава по трет пат успешно и солидно го организира овој ден со пригодна културно уметничка програма и беседа што ја одржа г-жа др. Августина Гулеска-Хајдиќ, професор на Свеучилиштетот во Задар. (Нејзината Беседа во целост ја донесуваме во овој број на "Македонски глас").

Присутните во малада сала на Пучкото свеучилиште во Самобор најпрвин ги поздрави претседателот на МКД "Крсте Мисирков", Иван Андонов, потоа претседателот на Заедницата Огнен Бојаџиски како и советникот на Амбасадата на Република Македонија во Загреб г. Владо Чупевски.

Во програмата учествуваа Ивица Кунеј, Благица Пелко со рецитирање песни од творештвото на Кочо Рацин, потоа

# ДИМИТАР ВЛАХОВ ВЕЛИКАН НА СЛОБОДНА И НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА

По повод 120 годишнината од раѓањето на Димитар Влахов (1878-1953) МКД "Крсте Мисирков" од Загреб организираше трибина посветена на животот и делото на овој илинденски и неуморен борец за слободна и независна Македонија, на која зборуваше Огнен Бојаџиски, професор.

Во полната сала на Словенски дом, на 8. 12. о.г. му беше одадена почит на Димитар Влахов, а меѓу гостите на оваа трибина беа повеќе истакнатити личности од јавниот и културниот живот на Загреб, меѓу кои и академик др. Душан Биланджиќ, потоа бугарската историчарка др Румјана Божилова, представници на бугасрската амбасада и други. Заради спреченост представници од македонската амбасада немаше.

Зборувајки за животот и делото на Димитар Влахов, како и поголемиот дел од семејството Влахови (таткото Јанаки, браќата Никола и Георги, потоа синот на Димитар, Густав) Огнен Бојаџиски је нагласи нивната вонредна активност и придонес во динамичното движење на македонското национално ослободително дело, особено улогата на Димитар Влахов во создавањето на ВМРО обединетата, како и големиот придонес во антифашистичката борба на македонскиот народ и создавање слободна и федерална Македонија во повоената југословенска заедница. Меѓутоа, како што е истакнато Влахов сонуваше слободна и независна, целосна Македонија. Пензиониран пред време, измачуван во бољшевистичките казамати (Москва) Влахов како достоен и чесен син на Македонија го даде својот придонес во нејзината слобода како и слободата на сопствениот македонски народ. Р.

МКД "Кочо Рацин" - Пула

# СО ДОБРА РАБОТА - ВИСОК УГЛЕД

Редовното годишно собрание на МКД "Кочо Рацин" од Пула се одржа на 28. 1. о.г. во истарското Народно Казалиште во Пула, на кое покрај бројните членови присуствуваа г. Силвано Зили и Фурио Радин од името на Истарска Жупанија и градското Поглаварство на Пула. До Собранието поздравни писма испратија г. Серальвет Авзиу амбасадор на Република Македонија во Хрватска, и председаталеот на Заедницата на Македонците во Хрватска Огнен Бојаџиски.

Усвоени се и разгледани извештајот за минатогодишната работа при што е констатирано дека добрата работа и залагање придонесу ваат и за високиот углед на Друштвото и Македонците во Истра и Пула. Исто така Собранието ги усвои и плановите за активностите во наредната година.

Во пригодната програма учествуваа г-жа Виолета Јуван и Благица Палко со избор од современа македонска поезија. Потоа членовите на друштвото се задржаа во заедничко дружење.

К.Т.

# АЦИН СО ЉУБОВ И ПОЧИТ!



*Др Августина Гулеска - Хајдиќ држи беседа за Рацин*



меззосопраснистката Ирена Кафкалеска, како и мешовитата пеачка група "Распеана Македонија" и музичкиот осотав "Т'га за југ".

Во алуата беше поставена и мала изложба на книги со Рацинови песни и преводи на други језици, а меѓу нив се издвојуваше оригиналниот примерок на пожолтената прва стихозбирка со црвени слова "Бели мугри" од збирката на г. Ивица Судник од Самобор.

Истовремено во големата изложбена сала беше отворена и изложба за Зоран Стоилов од Сплит, акварели и мотиви од Далмација и Сплит што е и прва изложба на овој љубител на медитеранскиот колорит. Р.

МКД "Крсте Мисирков" Годишно Собрание:

## ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОБВРЗУВААТ

**• За нов претседател избран Иван Андовов - Ванчо, а за подпретседател др Јован Најденоски**

Заради формални причини МКД "Крсте Мисирков" мораше да одржи продолжеток на мајското годишно собрание. Во меѓувреме друштвото оствари значителна динамична и квалитетна ангажираност, што уште повеќе ја зацврсти неговата улога и значење во Загреб и посебно во Заедницата на Македонците во Република Хрватска. Ова беа накусо изнесените оценки за минатогодишната работа на собранието, на кое присуствуваше и зборуваше г. Сервет Авизу, амбасадор на Република Македонија во Хрватска.

Собранието ги усвои извештаите за минатогодишните активности како и финансиските показатели, при што ги прифати и плановите за идната работа. Собранието го поздравија г. Сервет Авизу, претседателот на Заедницата на Македонците г. Огнен Бојаџиски и претседателот на МПЦО "Св. Злата Мегленска", Томислав Зојчески пожелувајќи му на друштвото уште пополна и динамична активност.

Најавено е дека Друштвото и оваа година ќе ја организира познатата "Македонска вечер" во Глобус на 16. јануари.

За нови членови во Управниот одбор избрани се: **Иван Андонов, Јован Најденовски, Кирил Јовев, Неџад Хусеин, Стојан Трајков, Љубица Пахлина, Едуард Павишиќ, Љубомир Павлов и Илија Стојковски.**

Надзорен одбор: **Никола Илијевски, Живка Иванец и Џорџи Трајков.**

Суд на честа: **Никола Апостолов, Рушка Стојановска и Методи Иванов.**

J. C.

# ZALJUBLJENIK DALMACIJE I SPLITA

*• U pučkom sveučilištu Samobora otvorena izložba Zorana Stoilova povodom Dana Koće Racina 21. - 27. 11. 1998. g.*

## PREDGOVOR

Slikovitost Splita i morske uvale što zaštitnički primiše čamce, najčešći su slikarski motivi Zorana Stoilova, slikara koji se u slikarsku avanturu uputio talentom i zanosom, postupno otkrivajući pravila slikarske gradnje, u koju je unio svoju kreativnu iskru, svoj doživljaj ljepote. Stoilov polazi od slike realističnog koncepta i poštuje pravila njene klasičnosti, obogaćujući je svježinom pristupa, notom vlastitog viđenja, kojim odabrani motiv i dalje nosi i čitljivost i prepoznatljivost, no koja je podvrgnuta načelima njegove stilistike. Stoilov nema potrebe za nekim radikalnim otklonima, ali slika je ipak preobrazba predloška što se očituje u slikarevoj mjeri opisnosti predmetnog i primjenjenim kolorističkim rasponima. Zanimljivo, Stoilov donekle mjenja kolorističku sliku juga, smirujući paletu, te su najčešći kromatski odnosi svedeni na dijalog dviju vrijednosti, dakako provedenih s postupnim nijansiranjem. Gustoća namaza, pastoznost slikarske površine svojevrsni su ekvivalent kolorističkoj otvorenosti, jer ploha materijalnosti boje pulsira, stvarajući ugođajnost prizora u kojem se sluti i jedna druga Dalmacija, koje svjetlo nosi smiraj manje bljeskovite registre, koje slikaru koji znade gledati i osjećati daje priliku za tvorbu suptilnih odnosa nosive boje i prodora svjetla. Tako shvaćenom bojom Stoilov ističe stvarnost kamena drevnih splitskih zdanja, ili oblutaka uz morsku obalu, potiče osjećaj njegove taktilnosti i naznake sabiranja svih boja u oplemenjenom sivilu. I čamci (obično oni stari, izgrađeni vještim rukama u lokalnim brodogradilištima) dio su istog svijeta i vremena (iako ne u istoj mjeri godina) bliske su arhitektonike, čistoće obrisa, kao i pitoreskni zakutci grada, samo s odmakom u svojoj opisnosti vidljivoj u odrazu na površini mora. Stoilov donosi te uvjerljive razlike opipljivosti, iako su i more, trag neba, obala i raslinje čvrsto utkani u jedinstvo slike.

Druga tematska cjelina Zorana Stoilova mrtve su prirode, kojih aranžirani izglednost donosi paletom širokog spektra, s praćenjem lokalnog tona predmetnog, gradeći svaki detalj marnošću koja dodiruje minucioznost provedbe, tako da realističnost dolazi u prvi plan.

Ali postoji veza s malenim lučicama, skladno položenim čamcima. Smiraj, tišina, zaustavljenost vremena zajedničke su karakteristike. S jedne strane u zatvorenosti interijera a s druge u širini pejsažnog. A i neobična vibrantnost slikarske geste postala je sastavnica osnovnog ugođaja. Proisteklog iz ljepote i oblikovne atraktivnosti dragih predmeta.

Postoji izlet i ka drugim, klasičnim slikarskim temama - aktu i cvijeću. No dok vedutu grada, mrtve prirode, uvale i brežuljke oblikuje tehnikom ulja, spomenutom dvojcu ljepote obraća se akvarelom. Ženski akt donjet je sigurnošću gradnje u različitosti stavova, s naglašćenošću erotskog u praćenju oblika i oblina tijela, a cvijet je treptaj kumulirane raskoši prirode.

Usprkos raznolikosti iskaza u slikarstvu Zorana Stoilova prepoznaje se dominanta, i tematska i stilska, koja je garancija jednog osebujnog slikarskog puta, na kojem i sa kojeg nam Zoran Stoilov ima što pokazati.

*Stanko Špoljarić*



Lijepe se i kultne stvari događaju u ovom kraju odvajkada, a ova mala izložba prilog je samo samo tim nastojanjima.Svečarska svakako.Povodom prvog izdanja dragog nam Koče Racina u Samoboru. Druga, isto tako, povodom prve samstalne izložbe mladog autora, slikara Zorana Stoilova.

Gea-kao osnova svega. Polazište, razmišljanje, utjelovljenje kistom, studij u Zagrebu kao htijenje, a uz to prisna i iskonska vezanost za boju, crtež, vodu (akvarel), primorje i neke posebite južnjačke naravi. Pune duha, temperamenta, raskalašenosti, neobuzdanosti.

Kako obuzdati Zoranov duh?

Neka možda nađe mir u smiraju jedne vale, na divnoj toplini stare kuće uz more ili na jedru stare bracere. Njegov izbor? I mora biti tako!

Htjeti, voljeti i potraživati nije samo ljudsko. Više je od toga. Lutati? Da, i to treba... Toliko dugo...

Pa se na kraju povratiti korjenima svojim. Ali, samo svojskim radom. Tada će i ruže dobiti na svojoj lijepoti. I na mirisu čak! Ruka će se učvrstiti. Postati lakša, nesputanija.

Sve u prilog njegovom kultiviranijem gledanju na sve vezano uz likovnost.

Zoran će to zasigurno uspjeti. Treba samo kapetanski upravljati svojim brodom.

U prilog njemu osobno i sa srećom.

*Ak. slikar Andrija Jakelić*





## ŽIVOTOPIS

**Zoran Stoilov** rođen je 3. kolovoza 1971. godine u Splitu, gdje je završio osnovnu i srednju školu. Trenutno živi u Zagrebu i apsolvent je na Geodetskom fakultetu.

Slikarstvom se bavi već desetak godina. Slika uglavnom u tehnikama ulja i akvarela. Uz motive mrtve prirode i aktova, u njegovim radovima prevladavaju idilični dalmatinski pejsaži.

Izlagao je na nekoliko skupnih izložaba u Splitu, a njegove radove možemo vidjeti u galeriji "Kvadar" u Trogiru i "Alfa" u Splitu.



# ИН МЕМОРИАМ: СЛАВЕ СТОЈАНОВСКИ 1921-1998.

Tužno sjećanje na voljenog oca



**SLAVE STOJANOSKI**

Prošlo je četrdeset dana otkako te nema mađu nama. Uvijek ćeš biti u mislima s nama.
Obitelj STOJANOSKI

Пон долго боледување на 14. септември о. г. почина с ЛАВЕ СТОЈАНОВСКИ. На 77 година го напушти свето многубројно семејство, во Риека и Скопје. Македон-ското културно друштво "ИЛИНДЕН" го изгуби својот најстар, највреден член и основач на друштвото.

Чичко Славе (како најчесто го викавме) е роден во село Дуње, Мариовско. Како и многумина Мариовци уште од детинство заминува од Дуње, а најголем дел од животот го минува во Реека, каде исто воспоставува живеалиште со своето семејство. Познат по својата добродушност, питомина, работливост и гостопримство, чичко Славе ги примаше во својот дом сите прводошлинци во Риека на еден или повеќе денови до првото снаоѓање а ако требасе и парично ги потпомагасе. Домот на Славе почесто личесе на коначиште - во Риека по тоа бесе познат.

Чичко Славе во секоја работа велегуваше сериозно и упорно, не само за своето семејство, туку и за срединатa каде што зивеесе. Во родното Дуње остави трајни заслуги; за водоводот (прво село во Мариово кое доби водовод), за спојниот пат од главната комуникација до Дуње, за собирање прилози за реставрација на црквата изградена преди 80 години) пред тоа скоро потполно напуштена) за која и самиот издвои голем прилог, за оживување на селото (во последни 5-6 години вратени се блиску 50 семејства).

На закопот во Дуње бев горд на Чичко Славе кога ги слусав последните заборави од неговиот, за заврземеноста, за родниот крај. Видов дека многумина беа озалостени со неговото последно збогум од нивна средина.

Нека тие лесно земјата и фалаза се, Чичко Славе! В. Настески

# БИБЛИЈАТА КАКО ПРЕДИЗВИК ЗА МЛАДИТЕ

- ***Ова значајно дело се појави по 30-годишнината од возобновувањето на Македонската православна црква во лицето на Охридската архиепископија. — Библиското здружение на Република Македонија значаен сегмент во ширењето на Словото Божјо.***

Пишува: Славе Николовски-Катин

На светскиот ден на книгата — 23 април оваа година, беше промовирано најновото издание — Библија за млади — Стар и Нов Завет. Оваа значајна книга ја издаде Библиокото здружение на Република Македонија, а е превод од руски јазик што го изврши д-р Јован Белчевски. Пред голем број црковни лица, меѓу кои и Поглаварот на Македонската православна црква г.г. Михаил, Полошко-кумановскиот митрополит г. Кирил, министерот во Владата на Република Македонија г. Владимир Наумовски и бројни други општественици и културни дејци, делото го претстави ја Брегалничкиот митрополит г. Стефан и Славе Николовски-Катин, заменик претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници.

Тоа задоволство го пружи Библиското здружение на Република Македонија, кое како и во другите држави во светот, е национална асоцијација кое ги соединува, ги приближува верниците и претставниците на Македонската православна црква, исто така како национална црква, заедно со Католичката Евангелско-методистичката, кои се најголеми и со најголем број верници во нашата Држава, потоа на другите цркви, верските заедници и религиозните групи што дејствуваат во Република Македонија, како и на културниот и религизниот свет. Но најважно е што Библиското здружение на Република Македонија го шири Словото Божјо меѓужителите на Република Македонија, како и меѓу Македонците во прекуокеанските и европските земји.

Ова значајно дело се појави по 30-годишнината од возобновувањето на Македонската православна црква во лицето на Охридската архиепископија, во самостојна, суверена, демократска и независна држава — Република Македонија. И во минатото Светиот архиерејски синод на Македонската православна црква го приреди издавањето на Илустрираната Библија за млади, која се појави по повод 15-годишнината од прогласувањето на автокефалноста на нашата света Црква. Но, овој пат, се разбира заради новите јазични, илустраторски и други современи карактеристики и дополнувања, се појави новото издание на Библијата за млади — Стар и Нов Завет. Библиското здружение на Република Македонија, исто така го издаде Новиот Завет како и Библискиот речник, кои претставуваат значаен придонес на неговата активност.

Инаку, Македонецот-христијанин е човек на Библијата кој живеел со неа и во неа уште пред да се осознае себеси национално. Затоа, со право се вели дека Библијата за Македонците била водителка и чувар која тој ја читал од светите ликови на иконостасите, фреските, иконите создадени во еден долг период и кои претставуваат многу значајно културно и национално богатство за иљадниците македонски православни цркви и манастири, за македонската држава и народнотот во целина.

Секоја национална култура, а во тие рамки и македонската, настојува во својата ризница да ги приопшти највисоките цивилизациски вредности, создадени низ вековите како трајно сведоштво за човековото битисување на нашата планета. Вклучувајќи се на тој начин во светското семејство на народите, Македонија се легитимира како една од најстарите цивилизации, не само во Европа, која заедно со другите го дава својот придонес во ризницата на универзалните вредности. Тоа е она трајно сведоштво што ги поврзува луѓето, независно од нивната раса, нација и вера. Тоа е начинот на кој сé повеќе се доближуваме до котата што ја идентификува нашата припадност, не само кон националната, туку и кон светската култура.

Библијата, како ни едно друго дело досега, е онаа книга над книгите, во чии корици е сублимирано космичкото човеково искуство, неговите падови и успони, среќата и несреќата, тагата и радости кои ја чинат милениумската традиција на неговиот опстанок на земјата. Со својата магија на хуманоста и светлината што зрачи од неговата борба со доброто и злото, таа ги поврзува луѓето и им ја открива возвишената вистина на вербата на Бога како најсилен амалгам на животот и како инспирација за разбирањето, слогара и мирот меѓу луѓето.

Библијата за млади — Стариот и Новиот завет е вистински предизвик за секој млад човек, зашто му ги открива сцилите и харибдите низ кои мора да мине во својот живот и го оспособува да созрева да ги совладува искушенијата низ кои к´е минува по неговите неизвесни беспаќа. Токму поради тоа, оваа книга е непресушен извор не само на знаења и мудрости, туку и на теми што се вечна инспирација на луѓето од сите меридијани, во сите сфери на нивното творештво. Не случајно Стариот завет започнува со главата за Создавањето на светот, а завршува со Спорот меѓу Јов и неговите пријатели, а Новиот завет со ангелот што го навестува Раѓањето на Исус и Видението на Новиот свет. Тоа покажува дека во оваа книга се вкрстосуваат сите вертикали на човековото опстојување, премрежијата низ кои минувал, неговата прометејска борба со доброто над злото, а над се неговата верба во Бога, како извор на енергија и светлината во животот.

Соочени со ова прекрасно издание, веруваме дека македонскиот книжевен фонд ќе продолжи да се збогатува и со овој вид на литература, без која не може да се замисли било која книжевна ризница на современите народи.

# ВИСТИНАТА ЗА ЕВРЕИТЕ

**• Обемниот труд "Антисемитизам" од Самуел Садикарио и Владимир Николов, побудува голом интерсе да се проникне во корените на еден феномен**

Во издание на Македонско-израелското друштво ва пријателство, Еврејската заедница на Македонија и Македонскиот меморијален центар на холокаустот, излезе од печат обемниот труд "Антисемитизам" од Самуел Садикарио и Владимир Николов. Ова значајно и по многу нешта единствено дело од оваа област на македонски језик, побуди голем интерес да се проникне во корените на еден феномен, кој ја следи трагичната историја на еврејскиот народ низ векови и кој кулминирал во холокаустот на ова време во уништувањето на шест милиони Евреи ширум светот.

Книгата "Антисемтизам" е исполнета со огромен број историски податоци и открива дека одговорот на прашањето за корените на антисемитизмот е многуслоен, во исто време и религиозен, социјален, психолошки, историски и т. н.

Тоа е поткрепено со фактите што зборуваат дека евејскиот народ, прогонет од својата прастара татковина, распрснат по светот мегу бројни народи, судбина слична како и на македонскиот народ, бил принуден да се бори за својата егсистенција, за својот опстанок. Мегутоа, низ таа борба, духот кај Евреите се изострувал и во земјите, каде живееле, давале висок придонес во развојот на стопанството, науката, уметноста, културата, фолозофијата...

Исто така, читателот на оваа обемна монографија, се запознава со големиот број факти од историјата на еврејскиот народ во различните земји, историја исполнета со масовни прогони и погроми, а читателот останува со еден силен блечаток дека во основата на антисемитизмот лежат сестраниот просперитет на Евреите, во стопанскиот, научниот, културниот и нивниот традиционалиен начин на живеење со самозатворање, како начин за еден вид самоодбрана преку нивна хомогенизација.

Инаку антисемитизмот е само, можеби, најизразитата форма на проклетството што го следи човечкиот пад преку најразлични антагонизми и нетрпеливости како што се социјалните, етничките, културолошките, религиозните и други. Затоа историјата на човештвото и историја на постојани судири и војни, конфликти, недоразбирања, омраза...

Обемната книга "Антисемитизам" од Самуел Садикарио и Владиимир Николов содржи 360 страници, содржи триесеттина наслови, мегу кои, опширен вовед на англиски језик, потоа на македонски е дадена етимологијата и причините за антисемитизмот почнувајки од Арапите преку Германија до Билијата, европејскиот холокауст, еврејската војна на отпорот и други интересни поглавја, поткрепени со голем број литература.

Книгата заслужува посебно внимание што во пеа се изнесува пораката дека ниту една религија во своите канони не пропагира ниту антисемитизам ниту каква било друга религиозна нетрпеливост. Така, Република Македонија е земја, каде што немало и нема антисемитизам. Меѓутоа, во Македонија бројот на Евреите е многу мал. Тоа се оние Евреи кои го избегнаа холокаустот и денес претставуваат интегрален дел на севкупното живеење во државата и важна алка на синџирот што је поврзува Република Македонија и Израел како држави на македонскиот и Еврејскиот народ.

**Славе Николовски-Катин**

НАДЕЖДА ЖАГАР

# СЕСТРИ

*Посветена на мојата Нада*

Се роди тек така
живот живееше со мака
мајка имаше, ја земаше
ја оставаше, ја немаше

Дома беа многу деца
многу бате и цеца
но ни еден не беше прав
но нека се живи и здрави.

Животот и беше тежок
во душата ко оган жежок
од железо потежок
од жар вжарен пожежок.

За една мала среќа дозна
на состанок ја запозна
не и беше права сестра
но повеќе од присстра

Сега има среќа една
ко многу злато вредна
да знаете колку тоа значи
сега од среќа плаче.

*Нови книги*

# БИБЛИСКИ РЕЧНИК НА МАКЕДОНСКИ

- ***Ова значајно дело од Петко Златески и Славе Николовски-Катин го издаде библиското здружение на Р. Македонија и Книгоиздателството "Македонска искра" од Скопје. — Речникот е прв од ваков вид на македонски јазик по излегувањето на комплетното македонско издание на Библијата.***

На 7 април оваа година на празникот Свето Благовештение, во црквата "Св. Петка" во Скопје, по светата богослужба се одржа пригодна црковно-народна свеченост. Имено, на овој ден беше промовирано мошне значајното издание "Библиски речник" од Петко Златески и Славе Николовски-Катин. Ова прво вакво комплетно издание на современ македонски јазик се појавува неколку години од печањето на комплетното македонско издание на Светото писмо на Старит и Новиот завет (Библијата), кое го издадоа Библиското здружение на Република Македонија и Книгоиздателството "Македонска искра" од Скопје. Ова значајно и по многу нешта единствено издание на овие две реномирани кук´и го промовира Поглаварот на Македонската православна црква архиепископот Охридски и Македонски г.г. Михаил и протоѓаконот м-р Ратомир Грoздановски.

Говорејќи за "Библискиот речник", Неговото Блаженство архиепископот Охридски и Македонски г.г. Михаил, меѓу другото, истакна дека делото на м-р Петко Златески и Славе Николовски-Катин е од огромно значење при читањето и обработувањето на Светото писмо (Библијата). Во него се објаснуваат многу географски, археолошки и други поими, а се говори и за личностите од Библијата, што е од голема помош. Затоа речникот ќе биде од полза за пошироката јавност, но најповеќе за учениците од Македонската богословија и за студентите од Богословскиот факултет "Св. Климент Охридски". Потоа архиепископот рече дека Библијата е неприкосновено едно од најзначајните културни наследства не само на еден народ, туку и на сите народи од целиот свет. За Евреите, како и за православните, римокатолиците и протестантите таа е Света Книга, инспирирана од Светиот Дух, а за човекот е светлост којашто постојано го осветлува неговиот живот.

Бидејќи Македонија е библиска земја и е споменувана повеќе пати во Светото писмо, Библискиот речник од Петко Златески и Славе Николовски-Катин го содржи мотото: "Преку ноќта имаше Павле видение: стоеше пред него еден човек, Македонец, кој го молеше и му велеше: "Премини во Македонија и помогни ни"! (Дап. 16.9).

Во опширното излагање, пак, протаѓаконот Ратомир Грoздановски рече дека Библискиот реч-



**Асеманово евангелие, напишано со глаголица во Охридската книжевна школа во почетокот на 11 век, а пронајдено во 1736 година во Ерусалим.**



**Планот на Ерусалим во Христово време**

ник на Петко Златески и Славе Николовски-Катин ќе биде вистинско помагало во толкувањето и објаснувањето на Светото писмо, бидејќи Библијата е дадена не само како книга која треба само да ја читаме, туку тоа е Божјо слово кое треба да биде разбрано и спроведено во живот. Во принцип, библискиот текст е јасен, но ако сакаме да го разбереме целото негово значење и смисла, тој треба да се проучи и протолкува. А, таковото објаснение ќе го најдеме во толковниот "Библиски речник".

Исто така, професорот Гроздановски рече дека нашето ново време донесе нови потребности во толкување на Библијата и ние сме должни на луѓето да им помогнеме во задоволувањето на нивните духовнорелигиозни потреби. Кон тоа свој придонес дава и оваа значајна публикација. Речникот дава солидни информации за многу прашања сврзани со Светата Библија и нејзината содржина. Тој има за цел да послужи на пошироките кругови меѓу македонскиот народ. Тој е наменет на сите кои сакаат да ја читаат Библијата и да ги разјаснат во неа споменатите имиња на личности, градови, планини, реки, племиња, обичаи и сл. Тој е достапен на сите со својата едноставност и јасност, нудејќи кратки и прецизни информации, пред сѐ, при индивидуалната работа со Библијата.

Библискиот речник е работен според западната библиска теологија и неговата цел е за општохристијанска употреба и библиска помош на сите што ја читаат Библијата. Тој содржи 215 страници текст со табели во кои се вклучени годините, месеците и деновите на Евреите, мерки и тежини, потоа парите, календарот, еврејските празници, кратенките за насловите на книгите од Библијата, како и хронологија на животот на апостол Павле.

Сите луѓе и сите народи од сите времиња ја проучувале Светата Библија, високо ја вреднувале и ѝ оддавале почит, едноставно речено, цела вечност се поклонуваат над "Книгата над книгите". Тоа го правиме и ние денес. Цитатите од Светото писмо во овој значаен речник се земени од Библијата на македонски литературен јазик, кое е интегрално издание со благослов на Светиот архиерејски синод на Македонската православна црква. Затоа, со право се вели дека Библискиот речник е за широк круг на читатели, со доволно информации, а истовремено едноставен и лесен за користење. Тој одговара на многу прашања на читателот во разрешувањето на некои библиски проблеми. Речникот е квалитетно отпечатен за што се погрижи Книгоиздателството "Македонска искра" од Скопје. Исто така, професорот Гроздановски рече дека двајцата автори направиле многу: професорот м-р Петко Златески, кој во исте време е и секретар на Библиското здружение на Република Македонија ги согледал потребите од ваков речник и здружени со искуството на Славе Николовски-Катин, кој досега има објавено околу 20 публикации, од кои половината се речници, ни го понудија овој дар на сите библиофили во Македонија.

**Марија Миленковиќ**

*Др. Августина Гулеска Хајдиќ, Filozofski fakultet u Zadru*

# БЕСЕДА ЗА РАЦИН*

За Рацина пришувале многумина. За неговото значење и големина. Од перата на истакнати писатели, поети, новчнари, хајучници потекле прекрасни зборови за човекот кој македонскиот народ, македонскиот језик и македонската книжевност ја задолжил многу.

Блаже Конески во еден свој текст ке напише:

"Името на Кочо Рацин е скратенка за името на сите нас".

Гане Тодоровски, (во својата публикација, **Со збор кон зборот,** Скопје 1985, стр. 242-243) ќе запише:

"Слично на Назим Хикмет, на Мирослав Крлежа и Јиржи Волкер, на Смирненски и Мигени, нна Јани Рицос и Давичо, на Вапцаров и уште многу од нивниот профил и формат, Рацин беше раздвижувач на средишната и времето, менувач на состојбите. Тој проговори од името на народнот и уметноста, и класата, оставајќи зад себе кралимарковски отпечатоци на духот на историјата на едно време. Нему му припадна чест да биде ноител на подвиг, да се раскили, и да се извиши уште прижив, накај иднината чиј грандиозен залог засекогаш останува, за да се престопи во трајна насока накај обединувањето и да стане духовен межник пред осончените простори на слободата."

Истакнатиот хрватски новинар Веселко Тенкера, во својата статија **"Temelj raskošnih gradnji" Vjesnik** од 21. јуни 1983 година, што заедно со останатите свои новинарски статии ќе излазе во публикацијата **Makar se i posvađali** Загреб 1988, се чини рекол се за Рацин:

"Uloga koju je odigrao K. Racin (1908-1943) u stvaranju (suvremne) makedonske književnosti jedinstvena je u evropskim razmjerima. Nije riječ samo o tome da je jedan od najstarijih europskih naroda najkasnije konstituirao svoju književnost, nego i o prirodi talenta koji je taj posao obavio. Ni po čemu karizmatska književna figura, demijurg ili orfejska struna, tek senzibilni radnik, ilegalac i borac; izvan historijskog konteksta kojem se pojavio obični poeta minor. U tom historijskom kontekstu, pak, rodonačenik suvremene makedonske književnosti historijskih razmjera. I moderna Europa je imala svoje "afričke" en lave!

Kada je 1939. ilegalno tiskao u Samoboru svoju svešćicu "Beli mugri" (Bijela svitanja) Kosta Racin je sa ciglih 12 pjesama uveo jedan narod i jedan jezik na europsku književnu scenu, već pomraćenu ratom. I ako je od naše međuratne socijalne ili tendeciozne književnosti ostalo malo pa ništa. Racinova "Bijela svitanja" savila su čudesni obzor za eksploziju jedne književnosti, koja tempom svojega razvitka ni danas ne prestaje iznenađivati europsku kritiku. Skromnost samoborskog početka jedva da je zamisliva kao TEMELJ RAŠKOŠNIH GRADNJI koje su slijedile..." (str. 100-101).

И сега да се задржам на проблемот што го истанав како поднаслов на оаа своја беседа за Рацина - на проблемот сврзан со односот на Рацин спрема македонската народна песна. А како да зборуваме за овој проблем ако не ги наведеме зборовите што самиот Рацин ги запишал во својата недовршена статија **"Македонската народна песна"** што денеска се чува во Архивот на МАНУ, чиј дел, во македонски превод, го соопштува Горѓи Милошев:

"Има нешто во Македонија за кое може да се зборува многу и да се пишува со наслада и радост. А тоа е македонската народна песна... Кога ние ја слушаме музиката внесувајќи се во неа и доживувајќи ја, нашата народна песна и не стигнува до разумот. Таа одеднаи го погодува срцето, зашто од него и изникнала... Кога се пеат македонските песни, еден силен, широк бран, полн со неисцрпна мака и длабочина, ни ја преплавува душата. Во нас воскрснуваат изминатите дни, тиха жалба, најскриените чувства на нашето срце. Сето она што не можело во животот слободно да се каже, она што требало да се премолчи, сето она што морало да се преживее во себе, го нашло своето место во песната. Во македонската песна е скриена тагата на мајката, потемнета од жалост, пресвиткана над огништето кадешто огнот нечујно гасне, скриен е безнадежниот глас на ветерот што полека замира во оџакот, скриени се непоимливите моменти на љубовта, растеперените радости, тахиот шепот на расцутениот нарцис в поле и екотот на белите столетни букови стебла. Која анализа, макар била таа и од најопитен мајстор, би можела да ги најде проткаени во песната? Само увото и срцето на оние што ги преживеале ќе можат да ја доловат таа потајна, скриена убавина. Песната на Македонија е нејзина молитва, огледало на нејзината душа и нејзина воздишка... Песната ѝ е едноставна, проткаена со неискажано многу тага, со едно трогателно спокојство во кое има и плач и мака, но и надеж". (Рацин, **Проза и публицистика,** Скопје 1987, цтп. 180-181.).

А. Спасов вака ќе ги прокоментира овие зборови на Рацин:

"Овие зборови не го откриваат Рацина само како човек кој се голем интерес и љубов го проучувал македонското културно наследтво, а особено македонската народна песна. Овие зборови го от криваат Рацина и како поет. Јасно је покажуваат поврзаност на тој текст со суштината на сите песни од збирката поврзаност на тој текст со суштината на сите песни од збирката "Бели мугри". Низ овј текст како од самиот Рацин да го слушаме не само неговото доживување и толкување на македонската народна песна, туку, би рекле, и посредното толкување и осветлување на сопствената поезија од збирката "Бели мугри"... Зашто навистина, толку многу допирни точки има меѓу овие Рацинови мисли за македонската народна лирика и она што тој сам го реализирал како поет. Овие реченици можеме и денеска да ги потпишеме како можеби најуспешна карактеризација на она то го доживуваме читајќи ја

* со посебен осврт на односот на Рацин спрема македонската народна песна одржана на Денот на Кочо Рацин - 21. 11. 1998. г. во Самобор

Рациновата збирка "Бели мугри". Не е ли на некој начин овој текст суштината на самиот Рацин?

Еден од проблемите на кои наидува Рацин во времето на неговата конечна преориентација на јазикот на својот народ е проблемот на поетскиот изпаз во рамките на една поезијачија традиција требало да се обнови и воедно да започнат нејзините нови текови.

А. Спасов ќе подолжи:

"Редовна појава е во ситуација кога настануваат или кога се обновуваат одделни национални книжевности, првите периоди на нивниот кон богатите извори на народното творештво. Тогаш, како што е познато од историјата на одделни национални книжебности, во слични ситуации обично во голема мера и подолго време обилно и разнообразно се користат јазичните и изпазните средства на народната поезија. Тоа беме случај и со македонската уметничка поезија во периодот на нејзиното обнов..." (A. Spasov, **"Ogled o Racinu"**, **Izraz,** 9/1981, str. 292-293)

И самиот Рацин во својот есеј **"Razvitak i značenje jedne nove naše književnosti"** обајавена во **Radnički tjednik,** I/23, 1940, Zagreb ќе истакне:

..."da je najispravniji i jedino moguć put uspona u razvitku suvremene književnosti Povardarja u čvrstom naslonu na neiscrpno jezično i izrazno bogatstvo makedonskog folklora..."

П. Кепески, кого Горан Калоѓера го нарекува **"utemeljitelj makedonistike u Hrvatskoj"**, во поговорот на публикацијата Kočo Racin, **Poezija i proza,** Zagreb 1963, str. 130-131, ке напише:

"Poznato je da se Racin ugledao u narodnu pjesmu. Iz nje je preuzeo mnoge stilske i zvukovne figure: epitet, običnu i proširenu metaforu, komparaciju, lirski paralelizam, asonancu, aliteraciju... ali on ih je tako prilagodio svom doživljaju da su one u njegovim pjesmama, prije svega u "Belim mugrima", dobile novu funkciju, novo značenje. Kako je izgledalo to stvaralačko transformiranje, mogu nam pokazati i ovi stihovi iz **"Elegi za tebe"** (1. pjesma):

Zašto po tebe drvjata
i na drvjata grankite
i na grankjite listjata
šumolat skršeno tagovno? -

koji su "preuzeli" iz zbornika narodnih pjesama K. Miladinova:

Zaplakal mi gorata, gorata i planinata
i od gorata drvjeto, i od drvjeto lišćata
i od gnezdite pilcite, i od zemjata trevata
(Mil. 22).

Citirani stihovi pokazuju još nešto: Racinov istančani osjećaj za ritam, ton i ugođaj. Doduše, u njegovim pjesmama, prije svega u "belim mugrima", susreću se uglavnom sedmerci i osmerci koji su kao što je poznato - dominantni stihovi narodne poezije. Jedanko tako susreću se cezure na kraju stihova, pa su oni zato i kod Racina sintaktičke cjeline. Međutim, ono čime je Racin kvalitativno prevazišao narodno pjevanje jeste činjenica što su ritam, ton i ugođaj u njegovim pjesmama sam doživljaj, dok su oni u narodnoj poeziji tek elementi fabularnog sadržaja i njegova pričanja:

Ne beše Lenka rodena
za tija pusti tutuni
tutuni-žolti otrovi
za gradi - kitki rozovi

I noće koga mesečko
grob i so svila vieše
veterčok tiho nad nea
žalna i pesna reeše...
(Lenka)

Во овие прекрасни стихови "су тон, покрет, ритам и боја сливени у један готово херметички затворени угођај, и који не асоцирају народни стил пјевања иако су осмерци (5-3) и јасно издиференциране синтактичке цјелине."

Веселко Тенжера не само што ја почувствувал големината и значењето на Коста Рацин за македонскиот народ, језик и книжевност, туку и универзалната мелодика на македонскиот стих во неговата поезија.

"... Čitamo li, pak, njegove **Bele mugre** u originalu, što mi se danas čini neizbježno potrebnim, otkrivamo u tim pjesmama univerzalnu melodiku makedonskog stiha, s Racinom kao mostom između makedonske narodne lirike i makedonske moderne poezije. Kao da je pjesnik samo mijenjao riječi u nekoj univerzalnoj makedonskoj pjesmi ostavljajući melodiju, kletvu i žalobni ton, pučku mekotu iskaza. Za razliku, dakle, od drugih pjesnika socijalne orijentacije, koji su svoj pjev pokušali prilagoditi arhitektonici Majakovskijeve agitovke, Racin je na naki način parafrazirao i individualizirao mekedonsku narodnu pjesmu, koristeći bogate emocionalne slojeve te pjesme kao "nosioce" konkretnih historijskih značenja. Otuda pjevnost i melodijoznost njegovih tvrdih riječi, otuda sentimentalni naboji u njegovim agitovkama, otuda lirski dert u stihovima prosvjeda i gorčine".

Секоја анализа на влијанието на народната поезија Рациновата поезија не би требало да нè доведе до едноставан заклучок, ќе истакне А. Спасов. "Бели мугри", ни откриваат пред се една извонредно силна и оригинална поетска индивидуалност. Погрешно би било кога Рацин би го свеле на јазикот и на изразот на народната поезија. Во прашање е само едно благотворно влијание на она што е најскапоцено во македонското минато, на македонскиот поетски фолклор. Печатот на индивидуалниот креативен чин втиснат во секој стих на оваа поетска збирка. Рациновата супериорност во однос на народната песна категорички се констатира во секој поглед. Рациновата песна објавува еден сосем нов свет на доживувања и идеи, нови концепции на животот, и пред се, една квалитетно нова, современа, модерна сензибилност. Тоа е оној решавачки фактор што суштински ја одделува Рациновата песна од поетскиот фолклор, од неговиот свет на минатото, на и од неговата експерција во крајна линија, фактор што го поставува Рацин на чело нов препород."

И за самиот крај, како заклучок:

"Рацин бил бард на своето време и својот народ, свртен кон сите појави во неговиот живот, спремен со својот истанчен осет да ги сфати наговите најтешки проблеми, проблемите на македонското со ијадно и национално постоење."

# МАКЕДОНСКО КОПАНИЧАРСТВО

(од зачетоците до денес)

*Во богатото уметничко наследство на Македонија, покрај иконописвото и монументалното сидно сликарство, копаничарството зазема посевно место како значајна уметничка гранка со вековна традиција.*

*За жал, поради трошноста и лесната запалливост на дрвото, предметите од овој материјал биле низ вековите повеќе подложени на пропаѓање и уништување, така што немаме зачувани поголем број постари средновековни копаници (резби).*

*Најстарите зачувани творби од резба кај нас потекнуваат од 14 век. Како и другите средновековни ликовни уметности, така и резбата во Македонија се развила под византиски влијанија. Средновековната резба имала сличност со декоративната пластика во камен од тоа време и се развивала паралелно со неа.*

*Но ранохристијанските камени олтарски прегради подоцна ги заменуваат во средновековните цркви - иконостаси од дрво. Најстар иконостас од дрво во Македонија се наоѓа во црквата Мали Св. Врачи во Охрид.*

*Средишниот преод од иконостасите кон олтарот бил првобитно покриен со завеси "катапетазма", потоа се затвора со царски двери, кои од 14 век наваму стануваат составен дел на иконостасите.*

*Редок зачуван пример на средновековен фигурален барељеф има на царските двери наречени Андреашки, за кои се претпоставува дека потекнуваат од манастирот Св. Андреја на Треска во околината на Скопје.*

*Освен царските двери, и црковните врати биле богато украсувани со резби со симболично значење. Еден од најстарите македонски споменици во резба е прочуената врата од црквата Св. Никола Болнички од Охрид.*

*Православната црковна уметност не била наклонета кон слободните акулптури, поради нивната сличност од една страна со паганските идоли, а од друга страна со светителските статуи на римокатоличката црква. Единствено зачувано дело во Македонија, кое дава впечаток на скоро слободна скулптура или на потпрена статуа, е портретот на Св. Климент Охридски изработен во ореово дрво. Најверователно потекнува од грбот на светителот во црквата Св. Пантелејмон на Имарет во Охрид од каде бил принесен во денешен Св. Климент.*







*Резбарството во Македонија се одржало и продолжило да се развива и во турскиот период. Во централна Македонија, во манастирот Слепче кај Демир Хисар, во Варош кај Прилеп и околните манастири Трескавец и Зрзе, како и во манастирост Св. Пречиста кај Кичево има сочувани резби од 15 до 17 век, кои со своите заеднички сродни црти се групираат во една целина подимето Прилепско-слепченска резбарска школа. Нејзини главни карактеристики се плитката резба и големото богатство на преплетени орнаменти, слични на тие од средновековните ракописи, во кои се мешаат и глирални стилизирани мотиви.*

*Најзначајни сочувани дела од Прилепско-слепченската резбарска школа се три црковни врати: еднокрилна и двокрилна од манастирот Слепче и двокрилна од манастирот Трескавец, направени од ореово дрво, покривени во целост со богата орна-ментална и фигурална резба.*

*Сите наши средновековни дела во резба остануваат ано-нимни. Нивните автори за жал ги немаат оставено своите имења. Само на еден шестостран аналогион од манастирот Зрзе постои натпис со името на резбарот: јеромонах Прохор (16 до 17 век).*

*Од овој ист период и во други реони на Македонија постојат резби кои се сродни со Прилепско-слеп-ченската школа, но имаат и други декоративни еле-менти во локални варијанти.*

*Во понатамошниот период Македонската резба се развива под влијание на Атенската резбарска школа од Св. Гора во 17 и 18 век. Влијанието на оваа школа се приметува очигледно на иконостасот во манастирот Св. Наум на Охридското езе-*

ро, датиран од 1711 год. и на иконостасот во галеријата на соборната црква Св. Димитрија во Битола.

*За разлика од поранешната Прилепско-слепченска сега нашата резба е порељефна, подлабока, дури ажурна и со реалистична тенденција во употребените вегетабилни мотиви.*

*Со атонската монашка традиција на гипсирање, боење и позлатување на резбите, наскоро македонската резба ќе раскине и дрвото како материјал ќе биде ослободено и ќе може непречено да дојде самото до својот поли пластичен израз. Заслугата за ова новаторство, од големо значење за своето време и средина, им припаѓа на прочуените мијачки резбари.*

*Ако негде на Балканот има творби во резба изработени, тоа е секако Македонија. Ако негде се родила цела плејада на резбари (копаничари), иконописци и зографи тоа е регионот Река во Дебарскиот крај.*

*Скор не ќе се најде црква или манастир во Македонија каде мијачките резбари, иконописци и зографи не оставиле зад себе дела создадени од своите вешти раце и богата фантазија. Освен во Македонија тие организирани во тајфи работеле низ целиот Балкан.*

*Најсветла фигура и легендарна личост на македонското копаничарство е Петре Филиповски Гарката, роден во втората половина на 18 век во с. Гари. Тој прв создава копаничарска тајфа во која работат: неговиот брат Марко, Макарие Фрчкоски од Галичник и Симеон Масевски од Требиште. Неговата тајфа во почетокот на 19 век го изработила иконостасот во манастирската црква Св. Архангел Гаврил во с. Лесново. Петре Гарката високо се издига меѓу македонските копаничари како надарен со редок осет за пластика. Тој е еден од главните мајстори и на иконостасот во црквата Св. Спас во Скопје. Трета датирана работа на Гарката и неговата тајфа е во црквата Св. Горѓи во Призрен. Но најмонументално дело по мајсторство на мијачките копаничари е иконостасот во манастирот Св. Јован Бигорски, работен од тајфата на Петре Гарката и завршен во 1835 год. Како врвно достигнување и ремек дело на Гарката му се припишува изработката на иконостасот во црквата Св. Никола во Крушево. За жал, иконостасот како и црквата се изгорени од Турците за време на Илинденското востание во 1903 год. Се смета дека Петре Гарката бил еден од авторите и на Рилскиот манастир.*

*Најблизок соработник на Петре Гарката бил Макарие Фрчкоски копаничар од Галичник, син на Негрие Блажев, исто така копаничар. Фрчкоски учествувал во изработката на иконостасите во Лесново, Бигорски и Св. Спас, но основал и своја тајфа заедно со своите браќа Гурчин и Трајан. Тие твореле и оставиле свои дела во Софија, Пловдов, Пазарџик и Придоп. Идните поколенија од радот Фрчкоски ја продолжуваат копаничарската традиција работејќи во Варна и околината како и во Добруџа.*

*За копаничарското дело во 19 век врзано е и името на Димитар Станишев, зет на Петре Гарката и негов долгогодишен соработник. Негови дела се: иконостасите во црквите Св. Благовештение во Прилеп, Св. Богородица Каменска во Охрид како и владичкиот стол на Пекката Патријаршија.*

*Познати се и резбарите од Лазарополе: Никола Дарковски, браќата Јаким и Нестор Тодорови Рекалин од Гари. Тие работеле на Охридските цркви.*

*Меѓу поталентираните македонски копаничари спаѓаат и: Никола Дамјанов од родот на Рензовци од Тресконче, кој бил резбар и иконописец Данил и син му Мојсо исто така од Тресконче, Наум Дојчинов од Лазарополе и други.*

*Како последен копаничар од Мијаците се смета Нестор Алексиев кој зад себе оставил голем број иконостаси и други предмети во резба.*

*Меѓутоа копаничарството во Македонија не згасна. Во 1926/27 год. од Стрена на Бранислав Јованчевиќ основана е резбарска школа во Дебар, која во 1928 год. се префрла во Охрид. Таа подоцна станува редовна школа со назив "Машка занаетчиска школа" со оддел за резба и иконографија. Во 1934 год. со првата генерација школата ја завршиле и: Андон Дуков, Димче Пљак, Иван Рупе, Настре Копров и други, додека во 1935 год. Наум Донев, а во 1936. год. Перо Калаџи и Славе Атанасоски-Крстанче.*

*Во Втората Светска војна школата била претворена во резбарско ателје "Андон Дуков" во кое работеле преку 20 резбари. Активноста на ателјето траела до 1962 год.*

*Потоа некои резбари се вработуваат во Народниот музеј на град Охрид, а некои продолжуваат да работат приватно.*

*Во 1975 год. Заводот за заштита на спомениците на културата и Народниот музеј на град Охрид преземаат иницијатива за собирање на кадри - резбари, при што основаат резбарска работилница со задача да вршат конзервација на иконостасите и друг црковен мебел.*

*Пред неколку години и "ЕМО" од Охрид направи обид да ја продолжи резбарската традиција прифаќајќи поедини резбари кои го напуштија Заводот за заштита на спомениците, а со намера да изра-ботуваат сувенири.*

*И кога се мислеше дека со последната генерација на охридските резбари ќе згасне копаничарската традиција во Македонија, македонскиот копаничарски ген се појави преку Здружението на копаничарите на Македонија, основано од група ентузијасти а со седиште во Битола. Здружението е основано во почеткот на 1993 год. но веќе сега бори над 70 членови од сите краеви на Македонија и веќе има зад себе 14 изложби во повеќе македонски градови, две колонии одржани на извориштето на копаничарството во манастирот "Св. Јован Бигорски" како и повеќе презентации на делата на новиот бран на млади и надежни македонски копаничари.*

*Вековната традиција продолжува со нови дела, со нови теми и содржини на новите копаничари и живните имиња еден ден ќе бидат забележени на страниците на културната историја на Македонија.*

***др. Димитар Корнаков***



Изложбата „Руралната архитектура во Македонија" ја сочинуваат оригинални цртежи настанати како резултат на повеќегодишните истражувања на оваа архитектура од страна на архитект Петар Намичев - кустос во Музејот на Македонија.

Од мноштвото примероци издвоени се оние кои на најпластичен и најубедлив начин зборуваат за градителското мајсторство на воглавно безимените мајстори, кои покрај вештината на градителството презентираат и одредени стилски и естетски посебности и вредности, што оваа архитектура на многу начини ја прават интересна, не само за истражувачите туку и за поширокиот круг на љубителите на архитектурата и уметничкото творештво воопшто.

Руралната архитектура во Македонија, како дел од материјалното културно богатство, се развивала низ вековите под влијание на различни природни и општествено-економски фактори, присутни на овој дел од Балканот.

Во креативна смисла на конципирање на сите естетски, традиционални и локални фактори, во корелација со способноста и активноста на нашиот неимар познат како градител низ целиот Балкан и пошироко, таа ја достигнува својата кулминација во XIX век.

Потеклото на градбите на овие простори навлегува длабоко во изминатите векови. Археолошките истражувања сведочат за постоење на градби од трошен материјал, чија концепција се надоврзува и во подоцнежниот период, каде се карактеристични објекти од лесна градба, со вкопано приземје и една просторија на катот, што говори за богата градителска традиција на овие простори.

Типови на градби од подоцнежниот период на кои се наидува се: кошарата (објект покриен со слама, со дрвени колци), соеницие (објекти изградени на колци во мочурливи и езерски места), па се до колибата (која се формира под или над земја) како прва и најкарактеристична градба на првите доселени словени на балканските простори. Еноделната колиба како основен тип на објект е распространета на целата територија на Македонија. Во зависност од примената на материјалот, во планинските краишта со поостра клима, се употребува каменот (кумановско, кривопаланечко, кратовско, штипско, кичевско и дебарско), а додека во рамничарските предели, со поблага клима, изградени се со преплет, премачкани со кал (скопско, велешко, гевгелиско, струмичко и ресенско).

Во XVII век под влијание на општествено-економските промени почнува да се формира денешната нивна концепција. Основни фактори кои влијаат при конципирање на архитектонската форма и концепцијата на објектите се ориентално-источното влијание, со доминацијата на османлиското царство како супериорно на овие простори, во корелација со локалните етнички традиционални услови.

Целокупната селска архитектура во Македонија го отсликува духот на народниот неимар формиран преку неговата неизмерна активност низ целиот Балкан. Својот несекојдневен градителски потенцијал нашиот градител го негувал со векови, изразувајќи го преку создавањето на објектите низ повеќе градителски средини на Балканот.

Градителскиот занает, како традиционална професија бил негуван со генерации, низ повеќето области на територијата на Македонија (реканско-дебарската, велешката, битолската, прилепската, охридската, крушевската, кривопаланечката).

Специфичноста и препознатливоста на градежниот јазик на архитектонската концепција и ентериерните решенија, во различни региони говорат за многуте различни влијанија и постоење на повеќе градителски школи во Македонија, како спој на локалната градителска традиција, и големата подвижност на печалбарските градителски тајфи.



Најпознати мајстори, кои со својот вроден талент и активност оставиле печат низ целиот Балкан, потекнуваат од реканско-дебарското подрачје, а најбројни биле Мијаците. Тие ја формирале далеку прочуената по своето реноме т.н. Реканско-дебарска школа, која делува со најголем интензитет во XIX век. Кон крајот на XVIII и во XIX век со миграциите на Мијаците во велешката и битолско-прилепската област, со влијанијата и инвентивноста на Реканско-дебарската школа, во соодност со локалната градителска традиција, резултира со формирање на „велешка школа" и зајакнување на битолската и охридската градителска традиција. Исто така и во кривопаланечкиот регион се јавуваат зголемени активности на мајсторските тајфи кон крајот на XVII и во XIX век (каменоделството и дрводелството). Накои од нив имале создадено и свој т.н. форнички (таен) говор.

Мајсторските тајфи, на чие чело стоел главен мајстор (устабашлија) биле составени од: мајстори-градежници, каменоделци, дрводелци, резбари и зографи. Мајстори ѕидари, зографи и резбари биле најпознати од Реканско-дебарскиот крај, с. Луково (струшко), каменоделкачи од с. Јабланица (струшко), кривопаланечко, с. Шлегово (кратовско), ѕидари од с. Папрадиште (велешко).

Развојот на објектите под влијание на сите објективни фактори (климатски, општествени, економски, традиционални, етнички и локални) во различни региони го формираат својот лик. Покрај констатацијата за развојот на куќата во основа, во однос на концепцијата на селските населби претежно од збиен тип, таа добива карактеристичен типолошки белег. Доминираат неколку типови на територијата на Македонија.

Во типолошката поделба, колибата како развоен облик и основен сегмент при формирањето на објектите, таа добива додатни простории во приземјето (како помошни простории), се поставува како основна шема скоро кај сите карактеристични објекти на територијата на Македонија со минимални варијации во однос на одредувањето на катноста на три нивои (каде што постои минимален простор за локација).





Зголемувањето на бројот на просториите во хоризонтален правец во однос на основата на објектот се постигнува со поставување на простории - мали одајчиња (во Овче Поле, Порече и Преспа), во пред просторот на „куќата".

Појавата на зголемување на катноста се појавува како резултат на минималниот простор за локација (кај) збиениот тип на селски населби), во зависност од климатските услови, материјалниот фактор и локалниот белег, формирале концепција на помошни простории во приземјето, додека просториите за престојување се поставуваат на катот (Скопска Црна Гора, Кумановско, тетовско, струмичко и беровско) со што се формира тип на објект „чардаклија". Концепцијата на растење на објектот во висина создава услови за исклучително креативни решенија кај нашите градители, каде што покрај приземјето се формираат уште две нивоа со простории.

За територијата на Западна Македонија карактеристичен е и типот на објекти „кули" каде што факторот на заштита има примарна улога изразен преку потенцирање на висината и масивноста на објектот (Рекански крај, струшко). Овој тип на објект претставува спој на применети врвни архитектонско-естетски карактеристики со запазени ликовно ентериерни квалитети, претставени како најзначајни примероци на националната македонска архитектура.

Употребата и изборот на градежните материјали, односно примената на конструктивен систем кај објектите, е во директна зависност од климатските и материјалните фактори. Кај приземните објекти и типот на објекти „чардаклија" применет е бондручен систем, со преплет и кал. Кај објектите лоцирани на планинските предели



употребен е масивен систем на камени ѕидни платна со мали прозорски отвори.

Од концепцијата на организацијата и распоредот на внатрешниот простор аналогно произлегува и надворешната концепција на архитектонската композиција на фасадните елементи. Фасадните платна, особено челната фасада на објектите, скоро секогаш, во однос на распоредот на прозорците, еркерните испусти или поставеноста на чардакот го отсликуваат функционално и просторно внатрешниот распоред на просториите на објектот.

Во зависност од отвореноста на внатрешните простории кон надворешниот простор, односно како отворен, затворен или полузатворен тип на куќа, се издиференцирани основните типови на објекти како куќа „чардаклија", „кула" и приземна куќа.

Естетската компонента при формирањето на селската архитектура е применета при обработката на секој архитектонско-конструктивен детал изведен на високо професионално-занаетчиско ниво. Уникатноста на формите на изработените архитектонски детали, со скромни димензии, но со изострено чувство на изработка, оставаат впечаток на објекти со исклучително врвни архитектонски квалитети. Декоративните елемени кај селската архитектура се застапени со степен на основен геометриски елемент со одреден ритам, запазена симетрија, рамнотежа на архитектнооските елементи, со складна хармонија и со одреден пропорционален систем. Орнаментот најчесто се применува кај еркерните испусти, надпрозорниците, надвратниците, кај челниот фронтон, при обработка на столбовите и ентериерните елементи, обработен со геометриски или растителни форми, додека бојата поретко се применува.

Степенот на декоративната обработка на просториите варира во зависност од конструктивниот систем на објектот и намената на просторијата. Во одаите на старата селска куќа вниманието го привлекува, кај одредени случаи, каде материјалните можности го дозволувале тоа, хармоничните композиции на систем од ентериерна вградена покуќнина, вградени таваници, обработка на вратите со примена на резба (Рекански крај). Комплетирањето на ентериерните површини се постигнува во склад со обработката на ѕидните површини, а нивната обработка со поставување на дрвени профилирани штици и полици во соднос со симетричниот распоред на прозорските отвори и полица над линијата на прозорците.

Чардакот како најважен функционално-просторен, задолжителен дел на ентериерот и воопшто на објектот во целина, се појавува во варијантни форми на отворен или затворен, во зависност од климатските услови. Тој претставува централен елемент на ентериерот и концепцијата на објектот, поврзувајќи ја и пренесувајќи ја динамиката, просторно и функционално со сите останати содржини.

Впечатокот на богато ентериерно обработени архитектонски партии на објектите е постигнат со вонредно залагање на мајсторот градител, со својата творечка способност, изразена преку крајно осмислените, пропорционални елементи, солидно вкомпонираните архитектонски елементи, а сепак со употреба на основни материјални градежни средства.

Јасно е видлива синтезата на објектите преку внатрешната организација на просторот, конструктивниот склоп на објектот и поврзаноста со надворешниот простор, а тоа се постигнува со поставување на минсофа на површината на чардакот, најчесто конструирана со вградени амбари.

Архитектонската типологија на објектите се вклопува и завзема значајно место во анализата на објектите од профан карактер на целиот Балкан па и пошироко, во контекстот на заедничките општествено-историски, климатски и економски показатели кои ги поврзуваат.







Взаемните влијанија како на мајсторите градители кои потекнуваат од територијата на Македонија кои го пренесувале своето искуство во повеќе средини, така и меѓусебното влијание на Балканските народи се потврдува преку повторување на идентични изразни средства на архитектонската концепција на објектите, повторување на орнаменталното украсување, идентичноста на волуменската пластика, како и со влијанието на ориенталната концепција на објектите.

Препознатливи елементи на македонската селска куќа претставуваат пластичната обработка на ѕидните површини со едноставна обработка на каменот, стилизација на одредени форми и мотиви применети во декорацијата на архитектонските детали, со локални автохтони вредности, примената на дрвото во лесен конструктивен систем, од што се добива пластичен волумен на архитектонската композиција.

Повторувањето на скоро идентични архитектонски композиции и концепции на објектите, од Источна Македонија со некои варијантни решенија на бугарската куќа од истиот тип, јасно говорат за неминовните меѓусебни влијанија кои се рефлексираат и на концепцијата на објектите, со минимални модификации во зависност од територијата на која се создаваат. Ова взаемно влијание се потврдува и при формирањето на орнаментални-естетски изразни детали кај архитектонските фасадни површини и ликовната суптилна обработка на ентериерните елементи.

Концептуалниот пристап на формата на македонската куќа во руралната средина е поставен во соднос и корелација со постоечките објекти со сродните климатски и општествено-економски средини на Балканските простори па и пошироко. Аналогија при анализата на постоечките објекти од нашата средина, како типолошки одредениот објект на ,,кула" е постигната во корелација и со взаемна архитектонска карактеристична концепција, со примероци од територијата на Западниот Балкан, односно северна Грција, централна Албанија, Босна, Црна Гора и Метохија. Карактеристично е повторувањето на заеднички обликовни и конструктивни карактеристики, идентичност при изработката на архитектонските детали, еркерните испусти, декоративната обработка и колоритната застапеност.

При анализата на приземните објекти и објектите типолошки одредени во ,,чардаклии", аналогија се потврдува со форми на објекти на поедини области во Бугарија, јужна Србија и Косово со минимални варијантни решенија, но со запазена концепција на чардакот како централен простор и на останатите простории кај објектите.

Цртежите претставуваат обид за презентирање на еден архитектонско-естетски аспект на вреднување на селската куќа, како одраз на изоштрениот осет на градителскиот дух на создавачот на овие прекрасни градби. Обидот за прикажување на најсветлите точки на архитектонската концепција е постигнат со основни едноставни изразни средства во црно бел контраст, како логично продолжување на исклучително уникатната архитектура, постигната со основните градежни материјали: каменот, земјата и дрвото.

Богатиот фонд на типови на објекти е претставен од еден специфичен агол на гледање и претставување на поединечни објекти кои со својата единствена форма заслужуваат да бидат вклопени во најзначајните примероци на архитектурата од овој регион.

Истакнувањето на структурата на материјалите преку контрастните површини на фасадните платна и вклопеноста во природниот пејсаж, претставуваат елементи со кои се заокружува комплетната слика на објектот.

Експонираниот материјал овозможува согледување на дел од неисцрпниот творечки гениј на народниот градител презентиран преку цртежите на објектите кои го носат во себе духот на времето во кое се создавани.

# Светски ден на спортот

## "Илинден 1903" - учествуваше на 6-от фестивал за спортска рекреација на Хрватска во Ровињ

По повод 30-ти мај - денот на државноста на Република Хрватска, екипата за мал фудбал **"Илинден 1903"** која делува во склоп на Македонското културно друштво **"Крсте Мисирков"** од Загреб, од 28-31.05.1998 година учествуваше на 6-от фестивал за спортска рекреација на Р.Хрватска кој се одржа во Ровињ - во туристичката населба Вилас Рубин, а по повод на светскиот ден на спортот.

Шестиот фестивал за спортска рекреација на Република Хрватска го отвори и со пригоден говор ги поздрави сите учесници и присатни, градоначалникот на Ровињ господинот Лидо Сошиќ.



*MNK "ILINDEN-1903"*
*Marijan Gigovski, Goce Petkovski, Mihajlo Dimovski, Zoran Milošević, Stevo Kačurov, Zoran Bogdanovski, Egej Andonovski, Sašo Andonovski, Darko Goreta, Branislav Mihajlovski, Ivan Perić, Nenad Pejovski, Toni Žuvić, Dario Baričević, Elvir Kičin, Refik Jaha, Jozo Čović, Goran Pačkovski, Boro Cvetkovski, Ivica Stunjek, Mladen Tkalčić, Dean Miše, Saša Osmokrović, Nikola Stojanovski*

Екипата се пријави преку Загребачкиот сојуз за спортска рекреација преку кој беа пријавени уште неколку екипи (друштва) и поединци. Во заеднички аранжман бевме со еден дел од вработените во **"Центарот за аутизам"**, кои имаа екипи за мал фудбал и одбојка (мажи), како и одбојка (жени). Инаку загребачкиот спорски сојуз настапи под мотото **"Спорт за све"**.

"Илинден 1903" во својата група требаше да одигра три натпревари, но одигра само два бидејќи настана недоразбирање околу терминот за одигрување на третиот натпревар против екипата на "Плинара - Загреб". Што се однесува до другите два натпревара против "Млекара" од Осијек (0:2) и "Духан" од Подравска слатина (1:3) може да се каже дека "Илинден 1903" ги загуби несреќно, но во секој случај остави добар впечаток и ги освои симпатиите на многубројната публика која добрите потези ги наградуваше со долготрајни аплаузи.

Но на самиот фестивал за спортска рекреација немаше само спортски возбудувања, туку и дружење со многу спортски колективи и поединци од цела Хрватска. Секоја вечер ресторанот на самата туристичка населба беше домаќин на заеднички веселби со музика до раните утрински часови.

Вредно е да се спомене дека "Илинден 1903" настапи во следниот состав : Елвир Кичин, Саша Осмокровиќ, Иван Периќ, Младен Ткалчиќ, Рефик Јаха, Дарко Горета, Зоран Милошевиќ, Горан Стојковски и Марјан Гиговски.

Марјан Гиговски

# ЧЕСТВУВАЊЕ ПО ПОВОД 11. ОКТОМВРИ

Негувајќи ги традициите и обележувајќи ги значајните датуми од историјата на нашиот напатен Македонски народ, членовите на нашето Македонско културно друштво "Кочо Рацин"од Пула, во голем број се собраа при одбележувањето на овај значаен ден во календарот на државните празници на Република Македонија.

Свечаноста започна со уводни реферати на г. Ненад Стојковски, подпредседател на Друштвото и госпожа Благица Палко, благајничка на Друштвото, који ги потсетија сите присутни на важноста на 11. Октомври како камен темелник во создавањето на македонската држава.

Од името на присутните беше испратен поздравен телеграм до Председателот на Република Македонија госп. Киро Глигоров.

Чествувањето продложи со богата трпеза и веселба која што потрае до раните утрински саати. Во овај дел се истакнаа членовите на нашата музичка секција предводена од госп. Часлав Гошев.

**К. Талески**

**SIJEČANJ**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| P | | 4 | 11 | 18 | 25 |
| U | | 5 | 12 | 19 | 26 |
| S | | 6 | 13 | 20 | 27 |
| Č | | 7 | 14 | 21 | 28 |
| P | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 |
| S | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 |
| N | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 |

**VELJAČA**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| P | 1 | 8 | 15 | 22 |
| U | 2 | 9 | 16 | 23 |
| S | 3 | 10 | 17 | 24 |
| Č | 4 | 11 | 18 | 25 |
| P | 5 | 12 | 19 | 26 |
| S | 6 | 13 | 20 | 27 |
| N | 7 | 14 | 21 | 28 |

**OŽUJAK**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| P | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 |
| U | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 |
| S | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 |
| Č | 4 | 11 | 18 | 25 | |
| P | 5 | 12 | 19 | 26 | |
| S | 6 | 13 | 20 | 27 | |
| N | 7 | 14 | 21 | 28 | |

# 1999.

**TRAVANJ**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| P | | 5 | 12 | 19 | 26 |
| U | | 6 | 13 | 20 | 27 |
| S | | 7 | 14 | 21 | 28 |
| Č | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 |
| P | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 |
| S | 3 | 10 | 17 | 24 | |
| N | 4 | 11 | 18 | 25 | |

**SVIBANJ**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| P | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 |
| U | | 4 | 11 | 18 | 25 | |
| S | | 5 | 12 | 19 | 26 | |
| Č | | 6 | 13 | 20 | 27 | |
| P | | 7 | 14 | 21 | 28 | |
| S | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | |
| N | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | |




**LIPANJ**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| P | | 7 | 14 | 21 | 28 |
| U | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 |
| S | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 |
| Č | 3 | 10 | 17 | 24 | |
| P | 4 | 11 | 18 | 25 | |
| S | 5 | 12 | 19 | 26 | |
| N | 6 | 13 | 20 | 27 | |

**SRPANJ**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| P | | 5 | 12 | 19 | 26 |
| U | | 6 | 13 | 20 | 27 |
| S | | 7 | 14 | 21 | 28 |
| Č | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 |
| P | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 |
| S | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 |
| N | 4 | 11 | 18 | 25 | |

**KOLOVOZ**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| P | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 |
| U | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 |
| S | | 4 | 11 | 18 | 25 | |
| Č | | 5 | 12 | 19 | 26 | |
| P | | 6 | 13 | 20 | 27 | |
| S | | 7 | 14 | 21 | 28 | |
| N | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | |

**RUJAN**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| P | | 6 | 13 | 20 | 27 |
| U | | 7 | 14 | 21 | 28 |
| S | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 |
| Č | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 |
| P | 3 | 10 | 17 | 24 | |
| S | 4 | 11 | 18 | 25 | |
| N | 5 | 12 | 19 | 29 | |

**LISTOPAD**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| P | | 4 | 11 | 18 | 25 |
| U | | 5 | 12 | 19 | 26 |
| S | | 6 | 13 | 20 | 27 |
| Č | | 7 | 14 | 21 | 28 |
| P | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 |
| S | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 |
| N | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 |

**STUDENI**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| P | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 |
| U | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 |
| S | 3 | 10 | 17 | 24 | |
| Č | 4 | 11 | 18 | 25 | |
| P | 5 | 12 | 19 | 26 | |
| S | 6 | 13 | 20 | 27 | |
| N | 7 | 14 | 21 | 28 | |

**PROSINAC**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| P | | 6 | 13 | 20 | 27 |
| U | | 7 | 14 | 21 | 28 |
| S | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 |
| Č | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 |
| P | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 |
| S | 4 | 11 | 18 | 25 | |
| N | 5 | 12 | 19 | 29 | |